

# Водич во феминистичката и родовата терминологија

второ дополнето и проширено издание



ЗДРУЖЕНСКА

# Водич во феминстичката и родовата терминологија

втoро дополнето и изменето издание

Здружение за унапредување на
родовата еднаквост
**Акција Здруженска Скопје**
Ул. Васко Карајанов бр.2-1/4, Скопје
Тел/факс (02) 3 215 660; (02) 3 215 661
www.zdruzenska.org.mk

**За издавачот:**
Марија Савовска

**Автори:**
Марија Ивановска
Боби Бадаревски

**Лектура:**
д-р Симона Груевска – Маџоска

**Графички дизајн**
Кома лаб. Скопје
Скопје, 2012

CIVICA mobilitas ...towards common values!

“Реиздавањето на оваа публикација, беше овозможена во рамките на Програмата CIVICA Mobilitas - имплементирана од ЦИРа и финансиски поддржана од SDC. Овде наведените мислења се мислењата на авторот/ите и нужно не ги рефлектираат мислењата на ЦИРа и SDC

Центар за ИНСТИТУЦИОНАЛЕН РАЗВОЈ - ЦИРа
www.cira.org.mk

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confèdèration suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development and Cooperetion SDC

Прво издание поддржано од:
Фондација отворено општество - Македонија

20 години
FOUNDATION ФОНДАЦИЈА
OPEN ОТВОРЕНО
SOCIETY ОПШТЕСТВО
MACEDONIA МАКЕДОНИЈА

# СОДРЖИНА

Предговор 7
Вовед 11

**А**
Аболиционистички феминизам 15
Абортус 16
Активизам 16
Анархистички феминизам 17
Андроцентризам 17
Антиабортус (anti-abortion) 18
„Против-избор“ (anti-choice) 18

**Б**
Балансирано учество на мажите и жените 19
Батлер Џудит 19
Бисексуалност 20
Бовоар Симон де 20
Брадиоти Роси (Braidotti Rosi) 21

**В**
Вертикална поделба 23
Виктимизација 23
Вознемирување (малтретирање) 24
Втор бран (феминизам) 24
Вулстонкрафт Мери 25

**Г**
Геј 27
Генитално сакатење на жените 27
Грижа за деца 27
Гуж Олимпија де (1748-1793) 28

**Д**
Двојна жртва 29
Декларација 30
Декларација за правата на жените (Сенека Фолс, 1848) 30
Демократски дефицит 31
Директиви за еднаков третман (ЕУ директиви) 31
Дискриминација 32
Дискриминација на жените 32
Дискриминаторски основи 32
Домашно насилство/ семејно насилство 33
Доминација 33
Достоинство на работа 34
Драг кралеви 34
Драг кралици 34

**Е**
Еднаква плата за работа со иста вредност 35
Еднакви можности 35
Еднакви можности за жените и за мажите 36
Еднакви последици 36
Еднаквост меѓу мажите и жените (полова еднаквост) 37
Еднаков третман за жените и за мажите 37
Екофеминизам 37
Експлоатација 37
Еманципација 38
Есенцијализам 38

**Ж**
Жени кои имаат секс со жени 41

| | | |
|---|---|---|
| | Жените во развој (Women in development) WID | 41 |
| | Женски студии | 42 |
| | Женско движење | 42 |
| | Женственост | 42 |
| З | Зајакнување | 45 |
| | Засолниште | 45 |
| И | Идентитет | 47 |
| | Изведени права | 48 |
| | Илегална работа | 48 |
| | Индивидуални права | 48 |
| | Индивидуализација на права | 48 |
| | Институционална дискриминација | 48 |
| | Интерсексуалност | 49 |
| | Исламот и феминизмот | 49 |
| | Исламски феминизам | 50 |
| Ј | Јавно/Приватно | 51 |
| К | Квота | 53 |
| | Конвенција | 53 |
| | Контрола на женската сексуалност | 54 |
| | Контрола на раѓање | 54 |
| | Културален феминизам | 54 |
| Л | Лауретис Тереза де | 57 |
| | Лезбијки | 58 |
| | Лезбиски феминизам | 58 |
| | Либерален феминизам | 59 |
| М | Мажи кои имаат секс со мажи | 61 |
| | Марксистички феминизам | 61 |
| | Матријархат | 62 |
| | Мажественост | 63 |
| | Машки студии | 63 |
| | Мизогинија | 64 |
| | Мил Џон Стјуарт | 64 |
| | Мобинг | 64 |
| | Мултикултурализам | 65 |
| Н | Напуштање на семејството | 67 |
| | Насилство врз жените | 67 |
| | Невидливи бариери | 68 |
| | Нерегуларно и/или несигурно вработување | 68 |
| О | Ото Лујза | 69 |
| П | Парафилија | 71 |
| | Паритетна демократија | 71 |
| | Патријархат | 72 |
| | Пекиншка декларација и Платформа за акција | 72 |
| | Повеќекратна дискриминација | 73 |
| | Повластен третман | 73 |
| | Податоци класифицирани според пол | 73 |
| | Поделба на труд (според род) | 73 |
| | Позитивна акција | 74 |
| | Пол | 74 |
| | Полов/родов систем | 74 |
| | Полова дискриминација – директна | 74 |
| | Полова дискриминација – индиректна | 75 |
| | Популациона политика | 75 |
| | Породилно отсуство | 75 |
| | Постмодернизам | 76 |
| | Постфеминизам | 76 |
| | Прв бран (феминизам) | 77 |
| | Предрасуди | 77 |
| | „За абортус“ (pro-abortion) | 78 |
| | „За избор“ (pro-choice) | 78 |
| | Продуктивна работа | 78 |
| | Продуктивни улоги | 79 |
| | Проституција | 79 |
| | Проценка на влијанието врз родот | 80 |
| Р | Радикален феминизам | 81 |

| | |
|---|---|
| Различен пристап кон ресурсите и нивна контрола | 82 |
| Разновидност | 83 |
| Рамноправност и одржлив развој | 83 |
| Регулирање на скратено работно време | 84 |
| Резолуција на Советот за безбедност 1325 (2000) | 84 |
| Репродуктивна работа | 85 |
| Репродуктивни права | 86 |
| Репродуктивни улоги | 86 |
| Репродуктивно здравје | 87 |
| Род | 87 |
| Родителско отсуство | 87 |
| Родов јаз | 87 |
| Родов јаз во платите | 87 |
| Родов систем | 88 |
| Родова анализа | 88 |
| Родова аналитичка информација | 89 |
| Родова димензија | 89 |
| Родова еднаквост 1 | 89 |
| Родова еднаквост 2 | 90 |
| Родова еднаквост како развојна цел | 90 |
| Родова неутралност | 91 |
| Родова обука | 91 |
| Родова перспектива | 92 |
| Родова поделба на трудот | 92 |
| Родова проверка | 93 |
| Родова процена на влијание | 93 |
| Родова рамноправност | 93 |
| Родова релевантност | 93 |
| Родова свесност | 94 |
| Родова чувствителност | 94 |
| Родови идентитети (психолошки) | 94 |
| Родови политики (институционални) | 94 |
| Родови потреби | 96 |
| Родови потреби/интереси (практични и стратешки) | 96 |
| Родови релации | 97 |
| Родови релации и родов идентитет (промени) | 98 |
| Родови релации (трансформирање) | 98 |
| Родови студии | 99 |
| Родови улоги | 100 |
| Родово насилство | 100 |
| Родово планирање | 101 |
| Родово слепило | 101 |
| Родово-сензитивни буџети | 101 |
| Родот во развојот (Gender in development) GID | 102 |
| Родот во развојот (состојба и позиција) | 103 |

**С**

| | |
|---|---|
| Сајберфеминизам | 105 |
| Сегрегација на работи/сегрегација при вработување | 106 |
| Сексизам | 106 |
| Сексуална експлоатација | 106 |
| Сексуална ориентација | 107 |
| Сексуална преференција | 107 |
| Сексуални права | 107 |
| Сексуалност | 109 |
| Сексуално малтретирање (вознемирување) | 109 |
| Сексуално здравје | 109 |
| Сексуална злоупотреба/силување | 110 |
| Сексуално злоупотребување на деца | 110 |
| Секс-позитивен феминизам | 111 |
| Силување | 111 |
| Скриена невработеност | 111 |
| Социјално движење | 112 |
| Споделување на работа | 112 |
| Стереотипи | 112 |
| Стрејт | 112 |
| Стручна подготовка | 112 |

**Т**

| | |
|---|---|
| Теорија на стојалиште | 113 |
| Транвестити | 114 |

| | | |
|---|---|---|
| | Трансродни лица | 114 |
| | Трговија со луѓе | 114 |
| | Трет бран феминизам | 115 |
| **У** | Улогата на родовите во јавната сфера | 117 |
| | Управувачки систем за родот | 117 |
| **Ф** | Фалоцентричен/фалократски | 119 |
| | Феминизам | 119 |
| | Феминизација на сиромаштијата | 120 |
| | Феминистичка теологија | 121 |
| | Феминистички епистемологии | 121 |
| | Фемицид | 121 |
| **Х** | Харавеј Дона | 123 |
| | Хардинг Сандра | 124 |
| | Хетеронормативност | 125 |
| | Хетеросексуалност | 125 |
| | Хипел Теодор (Theodor Gottlieb Von Hippel The Elder) | 125 |
| | Хомосексуалност | 126 |
| | Хомофобија | 126 |
| | Хоризонтална поделба | 126 |
| **Ц** | Цеткин Клара | 127 |
| **Ч** | Човекови права 1 | 129 |
| | Човекови права 2 | 131 |
| | Човекови права на жените | 134 |
| | Чорапи на поддршка | 134 |
| **Q** | „Queer“ теорија (Queer Theory) | 135 |
| **Ш** | Шовинизам | 137 |

Акција за жените на Обединетите нации 139

Поважни директиви на Европската унија во врска со родовата еднаквост 147

Документи на Советот на Европа 152

Основна библиографија 154

Користена литература 157

# ПРЕДГОВОР

ПРЕДГОВОР

**за второто, дополнето и изменето издание на поимникот *Водич во феминистичката и родовата терминологија***

**Предговор**

Почитувани читателки и читатели,

Поминаа пет години од првото издание на *Водичот во феминистичката и родовата терминологија*. На наше огромно задоволство, можеме да констатираме дека оваа публикација, како една од ретките од ваков карактер на македонски јазик, го помина тестот на времето.

Имено, *Водичот* предизвика исклучителен интерес не само од публиката кому е наменет туку и од пошироката читателска публика. Особено сме горди на сознанието дека *Водичот* претставува корисна препорачана литература за студентската популација, што дополнително зборува за неговата вредност како ресурс.

Претходното, како и потребата од давање приоритет, нѐ исправи пред нов предизвик: кои се поимите и

измените кои ќе обезбедат значајно надополнување на една публикација која по својата природа може да претставува бескрајна сложувалка од релевантни области, термини и поими од теоријата и практиката.

Одговорот на предизвикот се наоѓа пред вас, во содржината на второто издание. Покрај незначителните измени во главниот текст, новото издание содржи четириесетина нови термини за кои сметавме дека надополнуваат една од клучните перспективи која, според наше мислење, недостасува. Тие во најголем дел се однесуваат на поимите од областа на сексуалноста, како поле кое е од исклучително значење и важност за феминистичката борба за подобра положба на жените и заложбите за родова еднаквост.

Искрено се надеваме дека и ова второ издание ќе биде од корист за уште поширок и поразличен спектар на публика и ќе придонесе за поголемо разбирање и проширување на знаењата во областите кои ги покрива.

Во ова издание на поимникот, покрај Марија Ивановска, авторката на првото издание, во улога на коавтор се јавува и нашиот долгогодишен соработник Боби Бадаревски.

Со почит,

Марија Савовска

# ПРЕДГОВОР

ПРЕДГОВОР

## кон провото издание

**Предговор**

Почитувани читателки и читатели,

Издавањето на поимникот *Водич во феминистичката и родовата терминологија* претставува придонес на Акција Здруженска во збогатувањето на ресурсите во Македонија за поголема информираност и надградба на знаењата во областа на родовата еднаквост и човековите права на жените.

Во поимникот се поместени дефиниции и појаснувања за дел од општите и оперативните термини од феминистичката и родовата теорија и практика, преглед на клучни документи (конвенции, декларации и сл.), како и клучни настани во рамките на меѓународните организации кои се релевантни за родовата еднаквост и правата на жените.

Ваквиот концепт на поимникот произлезе од потребата на едно место да се најдат информации кои

ќе овозможат демистификација и промоција на феминизмот и родовиот концепт, појаснување на концептите и надминување на несоодветната употреба на релевантната терминологија, поголема информираност за процесите кои се одвивале во рамките на меѓународните организации во насока на унапредување на статусот на жените и родовата еднаквост, како и клучните документи за поддршка на тие напори.

Поимникот е првенствено наменет за женскиот активизам, но се надеваме дека од него корист ќе имаат и организациите, институциите и поединките/ците, кои дејствуваат, се заинтересирани или обврзани да работат на унапредување на статусот на жените и на постигнување на родовата еднаквост.

Со почит,

Марија Савовска

# ВОВЕД

Да се подготви текст кој би имал неколку функции истовремено не е лесна работа. *Водич во феминистичката и родовата терминологија* е текст кој има за цел да даде објаснување на *значењата на термините* употребени во тековната феминистичка теорија и теоретските практики употребувани во раните форми на активизми и политики од областа на родовата еднаквост, но и да даде *дефиниции на поимите* коишто таквите термини ги означуваат. Комбинацијата од толковниот и лексиконскиот пристап во определбите на значењата на термините и поимите доведе до создавање на еден поимник кој отстапува од ригидноста на еден речник.

Потребата да се направи дистинкција *феминистичка/родова терминологија* произлегува од фактот дека постојат вокабулари кои ја третираат проблематиката на родот и родовата еднаквост, но кои не призлегуваат, ниту имплицираат феминистичка перспектива. Таквата терминологија, најчесто присутна во текстуалната практика на меѓународните организации како што се ООН, или како

вокабулар на политиката на Европската унија, иако длабоко историски произлегува од движењата на еманципација на жените, не секогаш коинцидира со идеологиите на разните форми на феминизам и со доминантните дискурси на феминстичкото движење во одреден историски период.

Од друга страна, иако се дадени термини и поими од феминистичката теорија, тоа сепак не значи дека во објаснувањата и значењата се протежира одредена феминистичка идеологија. *Неутралноста* во определбите на значењата, во онаа мера која контекстот ја овозможува, е остварена преку аспектот на критичката дистанца. Сепак, самиот текст, јазикот на изготвувачите на овој поимник не е, ниту може да биде неутрален. Имплицитната феминистичка позиција искористена како точка на гледиште од која е овозможена да се протолкуваат, адаптираат и трансферираат термините и поимите на дискурсите за родот.

И покрај тоа што оваа книга што не е авторски проект во целост, во смисла на тоа дека сите значења и дефиниции не се во целост дело на авторите на поминикот, изборот на термините и поимите, нивната критичка преработка и адаптација, претставуваат карактеристички авторски белег. Иако причините за некомплетниот авторски труд на поимникот се многукратни, најкарактеристична е ургентноста од ваков вид литература. Да се надеваме дека поим-

никот во оваа фома ќе ги задоволи потребите за кои е наменет, но да очекуваме дека во иднина ќе биде дополнет со термини и поими од областите кои се третирани во ова издание, како и со термини од областа на уметноста, философијата и други области на човековото живеење.

Со почит
Марија Ивановска
Боби Бадаревски

## Аболиционистички феминизам

Аболиционистичкиот феминизам е една од главните феминистички теории во 19 век. Според аболиционистичкото гледиште, угнетувањето на жените и нивната еманципација е паралелно со борбата за ослободување на црнците од ропството. Движењето за укинување на ропството во САД претходеше и овозможи стратегии за развој на феминизмот. На пример, Сара Гримк своите феминистички идеи ги засноваше на аболиционистичката политика. Таа тврдеше дека демократските цели и вредности на американската револуција мораат да се однесуваат на жените исто како и на мажите.

## Абортус

Абортус е прекин на бременост. За абортусот не постои единствено гледиште. Бранителите на абортусот своето гледиште го темелат на тоа дека жената има неотуѓиво право на своето сопствено тело. Темата на абортусот е централна во феминистичката теорија и во политиката. Аргументите за абортусот се темелат на ставот дека жената треба да има контрола над своето тело и моќ за самоопределување, бидејќи тие се најпогодени од репродукцијата и тие и треба да одлучат; според други гледишта абортусот претставува убиство. Сепак, правото на жената да избира е значајно и политички и индивидуално и значи повеќе од борба за права.

## Активизам

Преземање акција со определена цел; спроведување на одредена активност или комбинација на акции со цел да се предизвикаат посакувани и очекувани социјални и политички последици и резултати. Репертоарот на активизмот може да има најразлични форми: кампањи, петиции, протести, демонстрации, подигање на јавната свест, разни видови притисоци врз опонентите, општествената елита и властите. Активизмот како практика на организирано дејствување лежи во срцето на женското движење.

## Анархистички феминизам

Анархистичкиот феминизам е теорија дека женската подреденост е определена од систем на сексуални и семејни односи, како и од државната контрола, и дека законската промена не може сама по себе да овозможи еднаквост без потполна психолошка независност на жените. Анархистичкиот феминизам има за цел да ги елиминира сите социјални ограничувања и да ги замени со децентрализирани, функционални заедници на жени. Раните анархистички феминисти веруваат дека социјалните ставови спонтано ќе прераснат во сексуални и психолошки слободи. Анархистичките феминисти тврдат дека државата и патријархатот застраниле. Да се уништи државата значи да се уништи главниот субјект на институционализираната патријархалност; да се поништи патријархатот значи да се поништи државата. Оваа теорија е револуционерна бидејќи според неа секоја држава, дури и да е матријархална, е секогаш нелегитимна. Тие, исто така, веруваат дека средствата употребени за промена на општеството мораат да бидат модели за идното општество.

## Андроцентризам

Привилегираност на машкото искуство во сите сфери на општественото живеење. Андроцентричноста ја истакнува машката перспектива како доминантна, нормативна, односно посакуван стандард и/или мерка на човековото однесување,

сознание или доживување. Според андроцентризмот, жените, женското искуство и перспектива се девијантни или едноставно игнорирани. Терминот за прв пат е употребен од страна на Шарлот Перкинс Гилман во нејзината книга „Нашата андроцентрична култура“ - *Our Androcentric Culture* (or *The Man-Made World*), публикувана во 1911 година.

## Антиабортус (anti-abortion)

Израз употребен во рамките на интернационалниот дискурс околу прашањата за абортусот од страна на „против избор“ (anti-choice) - поддржувачите. Ова стојалиште имплицира дека „за избор“ (pro-choice) - поддржувачите истовремено се и „за абортус“ (pro-abortion).

## „Против-избор“ (anti-choice)

Спротивно од „за избор“ (pro-choice). „Против избор“ (anti-choice) - застапниците активно го поддржуваат стојалиштето за забрана на абортусот без разлика на околностите, возраста или здравствената состојба на жените.

# Б б.

## Балансирано учество на мажите и жените

Важен услов за еднаквост меѓу мажите и жените е поделба на позициите на моќ и одлучување (од 40 до 60 проценти од секој пол) меѓу мажите и жените во секоја јавна сфера од општественополитичкиот живот.

## Батлер Џудит

Џудит Батлер е американска теоретичарка на родовиот идентитет. Таа ги преплетува постструктурализмот, феминизмот и „Queer“ теоријата во нејзината работа во која тврди дека „хетеросексуалноста“ е исконструирана политичка „фикција“ и повикува за нови дефиниции за родот. Батлер се повикува на Фуко за да опише како индивидуите

се погодени од „режимите“ на знаењето и како овие сексуални режими се исконструирани околу бинарни опозиции. Наспроти оваа репресија, таа сугерира нови можности: „перформанси“ на повеќекратни родови репрезентации кои Батлер не ги опишува како изолирани „чинови“, туку како културни „феномени“.

## Бисексуалност

Бисексуалци се лица кои сексуално ги привлекуваат луѓе од обата пола; кои можат, но и не мораат да имаат сексуални односи со кој било од двата пола. Не постои општа согласност за разбирањето на бисексуалноста. Така, на пример, бисексуалноста значи поседување на карактеристики на обата пола; кај Фројд секој е потенцијален бисексуалец, додека Колеман бисексуалноста ја дели на неколку димензии: карактеристично однесување, содржина на сексуална фантазија и емоционална поврзаност. Поединците можат да ја доживеат бисексуалноста на различни начини: како деца или адолесценти, како ситуациско или транзиторно искуство (изолација на едниот пол од другиот) или при промена на сексуална ориентација; или пак оние кои едноставно се декларираат како бисексуалци, односно кои имаат потреба од секс со обата пола за да се чувствуваат исполнети.

## Бовоар Симон де

Симон де Бовоар е француски филозоф, автор на *Вториот пол*, 1949. Таа беше истакната современа феминистичка писателка. Нејзиниот главен придонес

за феминистичката теорија е аргументот дека во патријархалната култура, мажественоста е поставена како позитивна норма, а женското или женственоста е поставена како негативна, или како она што Де Бовоар го нарекува „Другото“. Таа верува дека Другоста е фундаментална категорија во човековото мислење. Според неа, идентитетот на жената како Друг и нејзиното суштинско отуѓување произлегуваат делумно од нејзиното тело, особено репродуктивниот капацитет, и делумно од историската поделба на трудот диктирана од бременоста и одгледувањето на децата. Де Бовоар тврди дека жените треба да ја зајакнат нивната рационалност и критичка моќ со цел да достигнат трансцеденција.

### Брадиоти Роси (Braidotti Rosi)

Италијанска феминистка, експертка во областа на постструктурализмот, психоанализата и позиционираноста на мажот и на жената. Брадиоти е авторка на низа текстови во кои ја анализира номадската субјективност како повеќекратна ситуираност и критичката свест во контекст на патријархалните, социјални режими на мислењето и на однесувањето.

# В.

## Вертикална поделба

Вертикална поделба е концентрација на жени и мажи на различни нивоа на одговорности или позиции.

## Виктимизација

Виктимизација на жените е стигматизација на жените од страна на мажите како дел од сегрегацијата и родовата подреденост. Феминистичките теоретичари се согласуваат дека виктимизацијата на жените: социјално, политички, економски и културно е резултат на широката структура на општеството во која жените се контролирани од мажите. Главно феминистите виктимизацијата ја опишуваат каузално - како последица од одредени општествени фактори, или структурално - како карактеристика на општествените односи.

## Вознемирување (малтретирање)

Вознемирување значи секое несоодветно, неморално или непристојно однесување коешто претставува повреда на личното достоинство, особено кога предизвикува заплашување, одбивност, деградирање, понижување.

## Втор бран (феминизам)

Термин воведен од Марша Лир за да упати на женските групи во Америка, Британија и Европа во доцните 1960-ти. Терминот „втор бран“ имплицира дека феминизмот од првиот бран завршил во 1920 година. Разочарувањето со политиките на граѓанските права, движењата против војната и на студентите за демократско општество доведе до тоа американските жени да создадат групи за подигање на свеста за социјалната состојба и позиција на жените. Овие активности беа водени со слоганот „личното е политичко“. Заедничка точка со феминизмот од првиот бран е расната еднаквост, но феминизмот од вториот бран е радикално различен. Ослободувањето на жените ги прошири термините „политика“ и „економија“ на сексуалноста, телото и емоциите и на други области од општествениот живот кои претходно беа третирани само како „лични“, како и грижата за домаќинството. Феминистичкото движење од вториот бран исто така создаде нови политички организации, мали антихиерархиски групи за подигање на свеста кои делуваат независно од мажите и преферираат алтернативни обрасци на живот. Јадрото на феми-

низмот од вториот бран се протега од темите за репродукцијата, што доведе до првите програми на женски студии на Универзитетот во Чикаго 1967, па до отфрлање на градниците во 1968, борбата против сексуалното и домашното насилство, кампањите за еднакви плати и за правото на абортус. Преку поврзувањето на темите на репродукцијата со темите на продукцијата, личното со политичкото, феминизмот од вториот бран го промени современото политичко мислење.

## Вулстонкрафт Мери

Мери Вулстонкрафт во нејзиното најзначајно дело „Одбрана на правата на жените“ (1792) ги оспорила востановените идеи за различните карактеристики за жените и на мажите, истакнувајќи дека жените се рационални суштества исто како и мажите, а причината за инфериорниот статус што го имаат во општеството лежи во инфериорното образование што го добивале. Поради тоа, таа се залагала за трансформирано образование, сметајќи дека ослободувањето на жените ќе се постигне со подеднакво и заедничко воспитување на девојчињата и момчињата. Сите се создадени за да живеат заедно и од детството треба да се навикнуваат на заеднички живот и заедничко образование, така што и мажите и жените ќе ги учат истите работи на ист начин.

# Г

## Геј

Маж кого физички и/или емотивно го привлекуваат исклучиво лица од истиот пол.

## Генитално сакатење на жените

Гениталното сакатење на жените се состои од делумно или целосно отстранување на женските гениталии, односно намерно сакатење на женските гениталии за немедицински цели (културни и/или религиозно церемонијални).

## Грижа за деца

Широко заснован концепт кој опфаќа одредување јавни, приватни, поединечни или колективни служби за да излезат во пресрет на потребите на децата и на родителите.

## Гуж Олимпија де (1748-1793)

Олимпија де Гуж е родена во 1748 година во Монтаубан, во близина на Тулуз, во Јужна Франција како Мари Гуж. Мотивирана од революционерните случувања од 1789, редовно ги посетувала седниците на Националното собрание. Своите идеи ги променила во предлози за социјалнополитички мерки коишто ги печатела и ги истакнувала во вид на плакати, на свој трошок. Со својата **Декларација за правата на жената и граѓанката**, Олимпија де Гуж била првата личност што навистина опширно ги формулирала човековите и граѓанските права. Декларацијата предизвикала внимание во цела Франција и пошироко.

# Д.

## Двојна жртва

Посочен од критичарите на мултикултуризмот, феноменот на двојната жртва на жените во мултикултурните контексти можеме да го прикажеме со едно можно сценарио. Како дел од културните разлики на некоја национална заедница, родот, односно родовата култура на таа заедница има карактеристични својства што ги детерминираат родовите односи и искуства. Вообичаено, машките членови на заедницата се во позиција да ги определуваат и артикулираат групните верувања и интереси. Во такви услови, групните права може да бидат дискриминаторски и насилни кон жените. Тие на суштински начин ги ограничуваат правата и

капацитетите на жените; или, во поширок контекст, тие ги ограничуваат индивидуалните права и слободи на членовите на дадената заедница, барајќи од нив да се потчинуваат на групните верувања и норми. Според тоа, феноменот на двојната жртва се состои од потенцијалната дискриминација на жените припаднички на малцинствата од страна на мнозинството, но, и од дискриминацијата на жените во малцинствата од името на мултикултурните барања и интеграција.

## Декларација

Документ кој содржи договорен стандард или норма, но не е правно обрзувачки за државите. На конференциите на ОН, како што е Конференцијата за човекови права на ОН во Виена (1993), обично се усвојуваат две Декларации: една е составена од претставниците на државите, а другата од страна на невладините организации. Иако не се правно обврзувачки, Декларациите се многу влијателни во креирањето на политиките и активностите во односните области.

## Декларација за правата на жените (Сенека Фолс, 1848)

Движењето на жените во САД, во триесеттите години од 19 век започнало со барањето на право на глас. Освен тоа, тие организирале и кампања за ослободување на робовите. На конгресот во Сенека Фолс во државата Њујорк, на 19 јули 1848 година, присуствувале жени од сите делови на САД. Тие, по

углед на американската Декларација за независност, ја донеле Декларацијата за правата на жените.

## Демократски дефицит

Демократскиот дефицит е последица на неадекватната родова рамнотежа со легитимноста на демократијата.

## Директиви за еднаков третман (ЕУ директиви)

Политичкиот систем на Европската унија се состои од низа договори, како што се договорите од Париз и Рим во 1950-те до договорите од Мастрихт, Амстердам и Ница, склучени во 1990-те. Овие договори го сочинуваат она што е познато како „примарна" законска регулатива. Од нив произлегува големото тело на „секундарна" законска регулатива, која се состои од регулативи, директиви и препораки. Директивите на Европскиот совет се легислативна рамка која државите членки или аспиранти за членство во Унијата треба задолжително да ги транспонираат во своите законодавства. Со нив се проширува обемот на принципите за еднаков третман на жените и на мажите (кои првобитно биле засегнати само од платата, во Договорот од Рим), воведувајќи ги принципите за еднаков третман на жените и на мажите кон пристапот за вработување, стручното образование и унапредување, работните услови, законските одредби за социјално осигурување, заштитата кај бременоста и мајчинството.

## Дискриминација

Дискриминација значи секое правење разлика, искористување или ограничување на луѓето врз основа на нивните колективни идентитети (пол/род, класа, етнос, сексуален идентитет) со што ги загрозува или оневозможува остварувањето или заштитата на нивните човекови права и слободи.

## Дискриминација на жените

Дискриминација на жените го означува секое разликување, исклучување или ограничување во поглед на полот, што има за последица или цел да го загрози или оневозможи признавањето, остварувањето или вршењето од страна на жените на човековите права и основните слободи на политичко, економско, општествено, културно и граѓанско или друго поле, без оглед на нивната брачна состојба, врз основа на рамноправност на мажите и на жените.
Политиките кои овозможуваат поволен третман за жените се познати како позитивна дискриминација. Ова е вид „дискриминација" којашто е во полза на жените. Хајди Хартман тврди дека дискриминацијата е резултат на долг процес на заемно делување на патријархатот и капитализмот. Исто така тврди дека дискриминацијата не може да заврши без да се искорени половата поделба на трудот.

## Дискриминаторски основи

Дискриминаторски основи се лични особини, карактеристики, обележја што се здобиваат со раѓање

или во текот на животот како лична определба, преку кои поединецот се идентификува и разликува од другите. Дискриминаторски основи можат да бидат: род, раса, боја на кожа, пол, јазик, етничка припадност, припадност на национално малцинство, државјанство, социјално потекло, религија или верско уверување, политичка припадност, општествен статус, сексуална ориентација, ментална и телесна спреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба и друго.

## Домашно насилство/семејно насилство

Која било форма на физичко, сексуално или психичко насилство која ја доведува безбедноста или добросостојбата на член на семејството во опасност; и/или употреба на психичка или емоционална сила или закана со физичка сила, вклучувајќи го сексуалното насилство во семејството или во домаќинството.

## Доминација

Доминација е надмоќ од страна на една група или индивидуа врз друга група или индивидуа. Анализата на машката доминација претставува посебен дел од современата феминистичка теорија и сите феминистички теории се создадени за да покажат како може да се укине доминацијата на мажите врз жените. Либералниот феминизам верува дека машката доминација е вкоренета во ирационалните предрасуди и може да биде надмината со рационални аргументи. Марксистичкиот феминизам ја дефинира машката доминација како идеологија според која

капиталот е поделен и управува и ќе биде надминат со „културна револуција“ заснована на социјалистичка трансформација на економијата. Радикалните феминисти веруваат дека машката доминација е заснована на универзалната контрола од страна на мажите врз телата на жените и нивните сексуални активности, како и раѓањето, која ќе заврши само кога жените ќе достигнат сексуално самоопределување и самоопределување во врска со раѓањето. Социјалистичкиот феминизам тврди дека машката доминација е дел од економски втемеленото општество и неговото укинување бара трансформација на целокупното општество.

## Достоинство на работа

Право на почит и особено слобода од сексуални и други форми на малтретирање на работното место.

## Драг кралеви

Жени кои изгледаат (се облекуваат) како мажи на привремена основа; тие можат, но не мора да имаат мажествен изглед во своите секојдневни активности.

## Драг кралици

Мажи кои изгледаат (се облекуваат) како жени на привремена основа; тие можат, но не мора да имаат женски изглед во своите секојдневни активности.

# Е.

## Еднаква плата за работа со иста вредност

Еднаква плата за работа на која ѝ се припишува еднаква вредност без дискриминација врз основа на пол или брачен статус во врска со сите видови плаќање и услови на наградување.

## Еднакви можности

Синтагмата „еднакви можности“ означува дека жените треба да имаат еднакви права на човечки, социјален, економски и културен развој, како и подеднакво право на глас во општествениот и во политичкиот живот.

## Еднакви можности за жените и за мажите

Отсуство на пречки за економско, политичко и социјално учество врз основа на полот. Тоа значи промовирање на начелото за воведување на еднакво учество на жените и на мажите во сите области од јавниот и од приватниот сектор, еднаков статус, еднаков третман во остварувањето на сите права и во развојот на нивните индивидуални потенцијали преку кои тие придонесуваат во општествениот развој, како и еднакви придобивки од резултатите произлезени од тој развој.

## Еднакви последици

Ова понекогаш исто така се нарекува и „независна еднаквост“ и се однесува на согледувањето дека еднаквите можности можеби не се доволни за да се поправи угнетувањето и хендикепираноста на жените низ историјата. Поради нивната различна позиција во општеството, жените и мажите може да не бидат способни да ги искористат еднаквите можности во ист обем. Во некои случаи еднаквите можности всушност можат да имаат негативен ефект на добросостојбата на жените, доколку не резултира времето и енергијата кои жените ги употребуваат за да имаат придобивка од нив. Со цел да се осигура дека развојните интервенции резултираат во еднакви последици за мажите и за жените, неопходно е тие да се создадат врз основа на родова анализа. Според тоа „ рамноправен“ третман не значи „ист“ третман.

## Еднаквост меѓу мажите и жените (полова еднаквост)

Принципот на еднакви права и еднаков третман за жените и на мажите.

## Еднаков третман за жените и за мажите

Еднаков третман значи отсуство на директна и индиректна дискриминација врз основа на полот.

## Екофеминизам

Екофеминизмот е социјално и политичко движење кое ги обединува екологијата и феминизмот. Според екофеминизмот, постои врска помеѓу угнетувањето на жените и деградацијата на природата и затоа е потребно да се истражува поврзаноста меѓу сексизмот, доминацијата над природата, расизмот и други карактеристики на социјалната нееднаквост.

## Експлоатација

Експлоатацијата е искористување на искуство, богатство или вештини на други без награда. Феминистичката теорија тврди дека експлоатацијата е историска категорија која е основа за машките и за женските социјални односи карактеристични за патријархатот. Роза Луксембург прва предложи дека односите меѓу машките и женските работници ја одразуваат постојаната хиерархија и експлоатација меѓу производителите и потрошувачите. Современиот феминизам го додава и психолошкото објаснување за експлоатацијата дека жените се „предале“ на нивната

експлоатација преку интернализирана идеологија, создадена и почитувана од жените. „Супер експлоатација“ е термин за присвојување не само на *вишокот* на труд туку и на трудот и времето кои се потребни за самиот човечки опстанок, на пример, домашната работа.

## Еманципација

Теориите на еманципација се темелат на ставот дека позицијата на жените може да се менува во постоечките рамки на општеството, додека теориите на женското ослободување вклучуваат трансформирање на самите социјални рамки. Концептот на еманципација беше клучен кај раните и кај феминистите од првиот бран во нивните кампањи за еднакви права.

## Есенцијализам

Есенцијализмот е стојалиште дека разликите меѓу мажите и жените се суштински, дека постојат посебни машки и женски природи, за разлика од гледиштето дека разликите се социјално/експериментално конструирани. Доколку разликите се суштински, тогаш се претпоставува дека тие се универзални, „природни“ и произлегуваат од биологијата. Лис Иригаре тврди дека постојат суштински женски разлики кои произлегуваат од биолошките разлики. Тереза де Лауретис тврди дека феминистите треба да *ризикуваат* есенцијализам бидејќи тоа е она што прави разлика меѓу феминистичко и нефеминистичко мислење. Италијанските, културалните и француските феми-

нисти се согласуваат дека мајчинството е суштинско актуелно или потенцијално искуство. Антиесенцијалистите, пак, се загрижени дека теориите за есенцијални родови разлики се премногу биолошки и конзервативни. Деконстукционистите ги напаѓаат поставените дихотомии (маж/жена), психоаналитичарите тврдат дека сексуалноста е конструирана од јазикот, па субјектот на феминизмот не е „жената“, постмодернистите го предизвикуваат мислењето за универзалноста во масовната култура, додека Џудит Батлер го предизвикува есенцијализмот со постструктуралистичкиот концепт дека родот е „перформанс“.

# Ж.

## Жени кои имаат секс со жени

Жени кои се впуштаат во сексуални односи со други жени, но кои не мора себеси да се самоиден-тификуваат како геј/лезбијки.

## Жените во развој (Women in development) WID

Концептот „Жените во развој“ за прв пат беше истакнат како пристап за вклучување на жените во развојот во раните 70-ти години. Истражувањата и информациите собрани во текот на Декадата на жените на Обединетите нации (1975-1985) ја истакнаа постоечката сиромаштија и хендикепираност на жените и нивната невидливост во развојните процеси. Различната политика на одговори и интервенции фокусирана на жените како посебна група резул-

тираше со загриженост на жените дека се „додадени“ и периферни во главните развојни напори. Политиките и интервенциите на жените во развој главно беа концентрирани на продуктивната работа на жените. Овој пристап не ги даде посакуваните резултати поради отсуството на експлицитна врска со нивната репродуктивна работа, која не беше земена предвид однапред, туку на неа се гледаше како на дел од „нормата“ во работата на жените.

## Женски студии

Женски студии / родови студии се академски, вообичаено интердисциплинарен пристап кон анализата на ситуацијата на жените, како и родовата димензија во сите други дисциплини.

## Женско движење

Групно залагање, главно од страна на жените, кое настојува да го подобри животот на жените. Како форма на социјално движење, женското движење е составено од групи (формални или неформални), организации или поединци кои преку најразновиден репертоар на активизам се стремат кон решавање на проблеми и прашања кои се од витален интерес за жените и за нивното достоинство.

## Женственост

Женственоста е претпоставена низа од карактеристични одлики и својства олицетворена во поведението на женскиот пол, кој е нормативен (не даден од раѓање) идентитет што се огледува во релативноста на она што се

восприема или се очекува да биде женствено однесување или карактеристика. Во различни култури, историски периоди или социјални, економски или етнички контексти, женственоста се доживува и се нормира различно. Најчестите стереотипи за женственоста се изразени преку стереотипите за емоционалноста, експресивноста, нежноста, лојалноста. Како дел од женствените карактеристики можат да бидат вклучени и статусни и социјални позиции, но и специфични професии.

# З.

## Зајакнување

Зајакнувањето се однесува и на мажите и на жените. Тоа е колективен потфат кој вклучува и индивидуална промена и колективна акција. Зајакнување на жените значи развивање на нивната способност колективно и индивидуално да преземат контрола над своите животи, да ги идентификуваат своите потреби, да ги одредат интересите кои им одговараат. Во повеќето случаи зајакнувањето на жените бара трансформација на поделбата на трудот и општеството.

## Засолниште

Безбедно место за жени и деца кои се жртви на насилство во домот.

# И.

## Идентитет

Феминистичките теории на идентитет се втемелени во неофројдовската психоанализа и постструктуралистичката теорија. Феминистите тврдат дека идентитетот не е цел, туку повеќе појдовна точка на секој процес на себепознание. Според нив, разбирањето на идентитетот на жените е повеќекратен и дури и контрадикторен самиот на себе. Современата дебата околу политиката на идентитетот е иницирана од феминистичките психоаналитичари кои ги опишуваат изворите на женскиот идентитет. Така, Ненси Чадроу вели дека првата задача која жените треба да ја преземат е откривањето на границите на егото меѓу нас и нашите мајки.

## Изведени права

Права, кои му припаѓаат на поединецот, но потекнуваат и зависат од нивната релација со друга личност, главно од релациите на родителство, брак или вонбрачна заедница.

## Илегална работа

Работа која ја извршуваат луѓе кои немаат легална работна дозвола.

## Индивидуални права

Права кои припаѓаат директно на поединецот (спротивно на изведени права).

## Индивидуализација на права

Развивање на системи на оданочување и социјална сигурност каде правата и должностите припаѓаат директно на поединецот.

## Институционална дискриминација

Институционалната дискриминација претставува процес кој се манифестира во општествените и државните институции (јазикот, медиумите, образованието, економијата, религијата и сл.) преку кои се фаворизира една група (или еден систем на карактеристики - мажи, хетеросексуалност) наспроти другите( жени, нехетеросексуалци).

## Интерсексуалност

Изразот „интерсексуалност“ се однесува на низата феномени поврзани со луѓето кои се родени со карактеристики кои не се совпаѓаат со карактеристичните сфаќања за женските или машките примарни и секундарни полови карактеристики. Оваа популација се именува и како хермафродити.

## Исламот и феминизмот

Политичката и идеолошката мобилизација околу правата на жените во исламот е реалност на Блискиот Исток уште од 19 век. Многумина машки секуларни реформатори, како што се Кермани во Иран, Кемал Ататурк во Турција, Амин во Египет, го денунцираа Шеријатот (исламско право) и Хиџабот (кодифициран систем на облекување на исламската жена) со цел да го модернизираат статусот на жената во исламскиот свет. Во 60-те и 70-те години, постколонијалните движења на Блискиот Исток и Северна Африка ги ублажија дискриминаторските практики во рамките на државните структури. „Државниот феминизам“ во исламските земји ја следеше агендата на прозападните феминистички прогресивни движења. Меѓутоа, новиот бран на исламизација на државите, како што е случајот со Иран, Судан и Авганистан, ги обезвреднија достигнувањата на еманципацијата на жените од претходниот период. Во ваква ситуација, женскиот активизам во регионот се обидува прашањата за родовата еднаквост да ги постави во исламистичка

рамка. Основната позиција е ставот дека исламот овозможува права на жените, но мажите муслимани се тие кои, интерпретирајќи го Куранот, ја дефинираат позицијата на жените.

## Исламски феминизам

Исламскиот феминизам е форма на феминизам која се занимава со улогата на жените во исламот. Исламскиот феминизам како егалистичко движење има за цел целосна рамноправност на сите муслимани, независно од полот/родот, во јавниот и во приватниот живот. Исламските феминистки се залагаат за правата на жените, родовата еднаквост и социјална правда кои се втемелени во исламскиот контекст истовремено користејќи се со секуларните и немуслиманските феминистички дискурси. Застапниците на движењето бараат да се потенцира доктрината за еднаквост во религијата, и да се поттикне преиспитувањето на патријархалната интерпретација на Куранот (света книга), хадис (изреки на Мухамед) и шеријатското право (закон) заради создавање на поеднакво и поправедно општество.

## Јавно/Приватно

Под дистинкцијата *јавно/приватно* популарно се подразбира поделба на работата и домот во индивидуалниот живот. Со слоганот „личното е политичко“, современите женски движења го поврзуваат јавното и приватното. Слоганот го редефинира личното искуство како социјален процес, производ на човековата активност.

Социјалистичките феминисти истакнуваат дека дистинкцијата *јавно/приватно* е нормативна и во 19 век служела за да се рационализира експлоатацијата на жените. Тие сметаат дека таа мора да биде укината за да не продолжи идеологијата на машката доминација. Феминистичката антропологија тврди дека во сите култури жените се сместуваат во домашната сфера, а мажите во јавната арена. Според Мишел Росалдо, постои директна врска меѓу степенот на

подреденост на жените во дадено општество и степенот на одвоеност на подрачјата на јавното и приватното. Таа, како и Бовоар, смета дека сместувањето на жените во приватната сфера е производ на биологијата. Радикалниот феминизам одбива да ја признае дистинкцијата меѓу јавните и приватните релации. Според Радикалните феминистки, дистинкцијата *јавно/приватно* е лажна дихотомија, бидејќи, личните, социјалните и историските искуствата на жените се производ на симултано меѓудејство на социјалната активност, работата и полот.

# К.

## Квота

Дефиниран сооднос или удел во места, позиции или ресурси кој треба да биде исполнет или обезбеден за специфична група, вообичаено под одредени правила или критериуми, со цел да се надмине постоечката нееднаквост, најчесто за позиции на одлучување или за пристап на образовни можности или вработување.

## Конвенција

Обврзувачки договор меѓу државите. Конвенцијата е посилна од Декларација бидејќи Конвенцијата е правно обврзувачка за владите кои ја потпишале. Кога Генералното собрание на ОН ќе усвои Конвенција, тогаш тоа значи дека е креирана меѓународна норма и стандард. Државите можат да ја ратификуваат

Конвенцијата и да се придржуваат до нормите пропишани во неа.

## Контрола на женската сексуалност

Низа од ставови и практики кои се поврзани со сексуалноста на жените и кои го одредуваат, ограничуваат и контролираат нивниот сексуален живот. Таквите контролни механизми се однесуваат на влезот на жените во сексуалниот живот (девици), искористувањето на нивниот репродуктивен капацитет (мајки), сексуалната ориентација (хетеросексуалки) и потребата од сексуална активност (чедни).

## Контрола на раѓање

Контрола на раѓање е контрола на зачнување на деца. Од една страна, контролата на раѓање е употребена како форма на социјална контрола, но, од друга, ја означува одговорноста што жените ја имаат за зачнување нов живот. Феминистичката теорија тврди дека правото на репродуктивна слобода мора да биде камен-темелник на ослободувањето на жените. Теоријата и практиката на контролата на раѓање на многу посуштински начин ја условува положбата на жената, повеќе и од социоекономската категорија - класата.

## Културален феминизам

Феминистичка теорија која е посветена на создавање на одделна и радикална култура на жени. Шарлота Перкинс Гивенс смета дека треба да се создаде општество на силни жени кои се водат од

женски интереси на пацифизам и кооперативност. Културалните феминисти опишуваат како моќната женска култура на музика, уметност, поезија, наука и медицина ќе бидат антиавторитарни и антиструктурни. Тоа ќе биде култура со феминистички ритуали, симболи и нов јазик. Критичарите тврдат дека културалниот феминизам го игнорира фактот дека женските функции се надополнуваат со машките.

# Л.

## Лауретис Тереза де

Тереза де Лауретис е професор по историја на свеста во Санта Круз и голем критичар на меѓународниот феминизам, филмот и „*queer*“ студиите. Лауретис ги преплетува семиотиката со феминизмот за да докаже дека родовите идеологии ги обликуваат производите на кинематографијата и процесите, технологиите на репрезентациите на кинематографијата. Нејзиниот важен придонес на теориите на женското посматрање е тврдењето дека нашата родова субјективност е конструирана низ нашите културни *практики*, а не само низ значењата на поединечните културни *производи*. Исто така тврди дека постојат „два“, а не еден женски посматрач; жената посматрач конструирана од филмот и жената посматрач како историски субјект. Лауретис тврди дека посматрачите ја „прават одново“ родовата

репрезентација од филмот низ пародија и преку внесување на нивното сопствено историско разбирање во секое погледнато искуство. Сето ова го комбинира за да ги поткопа хетеросексуалните пораки и родови стереотипи.

## Лезбијки

Жени кои сексуално и/или романтично ги привлекуваат други жени.

## Лезбиски феминизам

Лезбискиот феминизам е стојалиште дека жени кои заемно се посветени на политичка, сексуална и економска поддршка, овозможуваат алтернативен модел на постоечките машко/женски односи кои лезбијките ги гледаат како угнетувачки. Тие тврдат дека лезбискиот феминизам вклучува и сексуална преференција и политички избор бидејќи ги одбива машките дефиниции на животите на жените. Со исказот - „феминизмот е теорија, лезбиството е практика“, лезбискиот феминизам станува примарна сила во радикалната женска култура. Лезбискиот феминизам ги напаѓа и институциите на хетеросексуалноста како центри на патријархатот. Лезбијките се радикали на феминистичкото движење бидејќи само тие можат да мислат радикално за социјалните промени и родови договори поради нивната ослободеност од конвенционалната хетеросексуалност.

## Либерален феминизам

Либералниот феминизам е теорија за индивидуална слобода на жените. Тој е дел од глобалниот тек на феминистичката политичка и социјална теорија и има најдолга историја. Мери Волстоункрафт во „Одбрана на правата на жените“ од 1789 ги опишува жените како рационални субјекти чија инфериорност се должи на инфериорното образование. Таа тврди дека ова може да се поправи преку еднакви можности за жените. Современиот либерален феминизам го споделува нејзиниот оптимизам дека корените на угнетувањето на жените лежат едноставно во недостатокот на еднакви граѓански права и образовни можности. Во срцето на либералните верувања за сексуалноста е гледиштето дека нечиј приватен живот не треба да биде предмет за регулирање од страна на општеството. Либералниот феминизам со тоа ја прифаќа дихотомијата јавно/*приватно* која радикалниот феминизам ја напаѓа. Тие веруваат во индивидуално исполнување ослободено од строго дефинираните полови улоги. Се ограничуваат себеси на реформизам, со кој сакаат да го подобрат статусот на жените во системот. Современите либерални феминисти се залагаат за права на жените, нивните потреби за социјална грижа, универзално образование и здравствена сигурност.

# М.

## Мажи кои имаат секс со мажи

Мажите кои се впуштаат во сексуални односи со други мажи, но кои не мора себеси да се самоидентификуваат како геј.

## Марксистички феминизам

Феминистичката теорија е суштински различна од марксистичката теорија бидејќи феминизмот мора да се фокусира на родот и на сексуалноста, повеќе отколку на матерјалните услови во која било идеолошка конструкција. Сепак, многу феминисти тврдат дека само синтеза на марксизмот и на феминизмот може да ги еманципира жените. Целите на марксистичкиот феминизам се да ја прикаже материјалната основа за угнетувањето на жените, врските меѓу начините на производство и статусот на жените и да ги

примени теориите за жените и класите во семејството. Американските марксистички феминисти создаваат единствена теорија за социјалната нееднаквост на жените. Така, Ненси Хартсок тврди дека материјалната основа на нееднакво егзистирање на жените е содржана во свеста на жените. Само марксистичкиот феминизам има посебна теорија за релацијата меѓу создавањето на внатрешното искуство на жените и нивниот социјален живот. Тој е заснован на практиката која ги поврзува свесното суштество и социјалната каузалност. Иако постојат многу варијанти на марксистичкиот феминизам, радикалните феминисти тврдат дека ниеден од нив не се зафаќа изворно со „женското прашање“, бидејќи ваквите теории неизбежно мораат да ја инкорпорираат феминистичката анализа во марксизмот.

## Матријархат

Матријархатот е форма на општество во кое мајките се водачи и управуваат со потомството. Идеолошки, матријархатот претпоставува дека моќта на мајчинската енергија и мајчинската љубов е социјална кохезивна сила. Евелин Рид тврди дека матријархатот му претходи на патријархатот потпирајќи се на Енгелс и на еволуционистичката теорија, додека други феминистки не го гледаат матријархатот како спротивен на патријархатот, туку како систем заснован на различни принципи. Според други гледишта, матријархатот се дефинира како неотуѓувачко општество во кое жените ги дефинираат условите на мајчинството и на околината на следната генерација, каде што одгле-

дувањето на децата создава доверба. Феминистките ги реинтерпретираа археолошките и оралните докази во грчките митови за да докажат постоење на матријархат, но ставовите се противречни.

## Мажественост

Мажественоста претставува низа од својства, очекувања и објаснувања поврзани со поведението и однесувањето на машкиот пол. Мажественоста како содржина на родот поврзан со машкиот пол е социјално конструирано однесување како опозиција на женственоста како социјално конструирана содржина поврзана со женскиот пол. Карактеристичните мажествени својства се поврзани со низа стереотипи, кои го ситуираат машкиот статус и положба: агресивноста, рационалноста, амбициозноста, независноста се некои од описите, но и очекувањата како треба да изгледа или да се однесува машкиот пол.

## Машки студии

Машките студии би можеле да ги дефинираме како испитувања/истражувања на претставите, идеалите и очекувањата поврзани со мажите и мажественоста во контекст на современите и на историските општества. Појавата на машките студии е во директна релација и реакција на појавата на женските и феминистичките студии. Кај некои школи содржината на испитувањата на мажественоста се движи од антифеминистички до отворено профеминистички стојалишта. Прашањата околу тоа дали мажите можат да бидат вклучени на автентинчен начин во феминистичкото движење и да застапуват

одредена феминистичка позиција е сè уште прашање на контроверзи.

## Мизогинија

Мизогинија е омраза или израз на нетрпеливост кон жените или девојките. Според феминистичктаа теорија, мизогинијата може да се манифестира на повеќе начини, вклучувајќи ја и сексуалната дискриминација, деградацијата на жените, насилството врз жените и сексуалната објектификација на жените.

## Мил Џон Стјуарт

Џон Стјуарт Мил во своето дело „Потчинувањето на жените“ ја вклучил жената во својата концепција за општеството втемелено врз слободата на личноста и целосната демократија. Според Мил, рамноправноста на жените во капитализмот може да се оствари со подобрување на функционирањето на неговите институции, а особено со внесување на етичките начела во односите во бракот и во семејството коишто тој не ги доведува под прашање.

## Мобинг

Мобинг е притисок врз вработените или психолошки терор на работното место. Се состои од непријателска и неетичка комуникација, најчесто врз поединец, кој е ставен во состојба на беспомошност, без можност да се брани.

## Мултикултурализам

Концептот на мултикултурализмот во неговото дескриптивно значење е нашироко прифатен. Да се каже дека некое општество е мултикултурно, значи да се посочи на културното различје на тоа општество. Таквата употреба на концептот е еднаква на значењето на културниот плурализам. Нормативното значење на мултикултурализмот се однесува на можните начини на општествена организација, која за свој принцип го има културното различје. Во контекст на политичко-правната теорија, посебно во рамките на либералната теорија, мултикултурниот дискурс се темели на премисата дека малцинските култури, односно начини на живот не се доволно заштитени со индивидуалните права на нивните припадници, па според тоа треба да бидат заштитени со специјални колективни права и одредени привилегии. Ваквиот став се брани со аргументот дека културниот идентитет има суштинска улога во конституирањето на личниот идентитет на поединецот. Бидејќи културата, односно културната заедница е од такво фундаментално значење за животот на нејзините припадници, културните практики на малцинските културни заедници треба да бидат заштитени.

# Н.

## Напуштање на семејството

Право да се напушти семејството од лични причини, одлука која може, но и не мора да биде заедничка меѓу родителите.

## Насилство врз жените

Спецификата на оваа форма на насилство се состои во тоа што таа не е насочена само против една жена, туку против сите жени како социјална група. Насилство врз жените е сè она што го загрозува нивниот физички и психолошки интегритет и достоинство, ги спречува да ги реализираат своите способности и можности за развој. Во Декларацијата за елиминација на насилството врз жените на ОН (1993) синтагмата **насилство врз жените** се дефинира како кој било акт на родово засновано насилство кој

резултира или ќе резултира во физичка, полова или психолошка повреда или болка, вклучувајќи ги и заканите со такви чинови, употребата на сила или кој било друг начин на лишување на слободата во јавниот или во приватниот живот на жената. Во членот 2 на Декларацијата се наброени контекстите и формите на насилството врз жената: физичко, сексуално и психолошко насилство врз жената кое се случува во контекст на семејството, брачниот сексуален живот, во односите помеѓу партнерите кои се забавуваат, но и во традиционалните културни практики, како што е гениталното сакатење и др. Декларацијата ги препознава силувањето, сексуалното малтретирање, сексуалната злоупотреба, малтретирање на работното место и др. како форми на **насилство врз жените** во контекст на пошироката заедница, па дури и во контекст на државата која го поттикнува или го премолчува.

## Невидливи бариери

Ставови и нивни традиционални претпоставки, норми и вредности кои го спречуваат зајакнувањето на жените, односно нивното целосно учество во општеството.

## Нерегуларно и/или несигурно вработување

Привремено вработување кое вообичаено не е соодветно договорено или регулирано од кои било прописи за плата или социјална заштита.

## Ото Лујза

Лујза Ото, една од водечките германски феминистки, сметала дека германското феминистичко движење, пред сѐ, мора да биде национално. Долги години водела едно средно женско училиште од коешто произлегле многу познати феминистки, меѓу кои и Клара Цеткин. Исто така, Лујза Ото во 1855 година го основала „Сегерманскиот женски сојуз“ и ја истакнувала потребата од еднакво образование и од подобрување на положбата на работничките.

П.

## Парафилија

Парафилија е сексуалната возбуда кон предмети, ситуации или лица (деца, мртовци и др.) кои не се дел од нормативно прифатливите сексуални стимулации. Парафилијата вклучува повторливи, интензивни, сексуално предизвикани фантазии, сексуални нагони или однесување, кои обично вклучуваат нечовечки објекти, страдање или понижување, сопствено или на сексуалниот партнер.

## Паритетна демократија

Концепт на општество кое е рамномерно составено од жени и од мажи, во кое нивното потполно и подеднакво учество во општествениот живот е во зависност од нивното подеднакво претставување во политичкото одлучување и создавање позиции; Блиско или подеднакво учество на жените и на мажите, во

рамките на 40/60 проценти на претставување, во потполн демократски процес е принцип на овој тип демократија.

## Патријархат

Системски општествени структури кои ја институционализираат машката физичка, социјална и економска моќ врз жените.

## Пекиншка декларација и Платформа за акција

На Четвртата светска конференција за жената, организирана од ОН во Пекинг, НР Кина, од 4 до 15 септември 1995, беа донесени Декларација (позната како Пекиншка декларација) и Платформа за акција. Со прифаќање на Пекиншката декларација и Платформата за акција, меѓународната заедница се обврза на подобрување на статусот на жените и нивно зајакнување во јавниот и во приватниот живот. Земјите членки на ООН се обврзаа на имплементација на Платформата за акција која опфаќа области од посебен интерес за жените. Областите се однесуваат на жените и на сиромаштијата, образованието, жените и здравјето, насилството, жените во вооружените конфликти, жените и економијата, жените и моќта и учеството во процесите на донесување на одлуки, институционалните механизми за зајакнување на жените, жените и човековите права, жените и медиумите, околината и грижата за децата.

## Повеќекратна дискриминација

Некои луѓе искусуваат неповолност на комбинацијата од заштитени основи. Терминот повеќекратна или интерсекционална дискриминација се однесува на дискриминација која се трпи поради две или повеќе основи.

## Повластен третман

Третман на поединец или група поединци на начин којшто води кон подобри придобивки, пристапи, права, можности или статус отколку оној на други поединци или групи на поединци. Може да се користи позитивно кога тој имплицира позитивна акција наменета да ја елиминира претходната дискриминаторска практика или негативна, кога тој е наменет да ги зачува разликите или предностите на еден поединец или групи на поединци врз други.

## Податоци класифицирани според пол

Податоци класифицирани според пол се квантитативни статистички информации. Собирање и одделување на податоци според пол со цел да се изврши компаративна/родова анализа.

## Поделба на труд (според род)

Поделбата на платена и неплатена работа меѓу жените и мажите во приватниот и во јавниот живот.

## Позитивна акција

Мерки насочени кон одделна група кои се одредени за да ја елиминираат и спречат дискриминацијата или да надоместат за недостатоците кои произлегуваат од постоечките ставови, однесувања и структури (понекогаш се нарекува позитивна дискриминација).

## Пол

Терминот „пол“ упатува на биолошките и на физиолошките карактеристики кои ги дефинираат мажите и жените. Биолошкиот пол е детерминиран од генетските и анатомските карактеристики.

## Полов/родов систем

Полов/родов систем е систем од економски, социјални и политички структури; систем кој продуцира експлоатација,одржува и репродуцира различни родови улоги и својства на мажите и на жените.

## Полова дискриминација - директна

Директна полова дискриминација значи создавање нееднаков третман преку прописи или дејствија врз поединци или групи во зависност од полот, во исти или слични ситуации во остварувањето, почитувањето и заштитата на човековите права и слободи.

## Полова дискриминација - индиректна

Индиректна полова дискриминација значи нееднаков третман на лица од различен пол присутна во разни прописи, стандарди или однесувања кои формално предвидуваат еднакви можности или се навидум неутрални, но различно се применуваат зависно од полот, освен ако е тоа во интерес и е неопходно за обезбедување посебна заштита или е предизвикано од објективни услови и околности што не се поврзани со полот. Таа се однесува на практиката кога независно од формално еднаквиот третман на законите создава разлика во резултатот или во исходот од дејствувањето на таквите „еднакви“ правила, а тоа не може да се припише на личните способности на лицата за кои се работи.

## Популациона политика

Популационата политика претставува сет од мерки насочени кон репродуктивното и миграциското однесување на жителите на една земја, област или регион. Мерките се воведуваат заради промена на таквото однесување преку контрола на раѓањето или миграцијата со намера да се постигне одредена политичка цел.

## Породилно отсуство

Отсуство со кое жените стекнуваат право на континуиран период на осигурување пред и по породувањето во согласност со националното законодавство и практика.

## Постмодернизам

Постмодернизмот е основен културен феномен во уметностите, архитектурата, философијата и економијата. Критиката се приклонува кон постмодернизмот бидејќи неговите теории ѝ помагаат да ги објасни промените во доцниот дваесетти век. Главно, феминистичките посмодернисти се спротивставуваат на есенцијализмот и веруваат во плурални видови на знаење. Така, во природните науки феминистичките посмодернисти ја напаѓаат лажната рационалност и објективност на голем дел од современата наука. Во културните студии тие ја анализираат конструкцијата на жените во популарната култура вклучувајќи ги медиумите и потрошувачката. Феминистичката литерарна критика ја користи саморефлексивноста на постмодернизмот или позврзувањето на автобиографијата и теоријата за да создаде отворена критика на родот и литературата. Додека некои феминисти тврдат дека постмодернизмот не им овозможува место на маргинализираните луѓе во главнината, други чувствуваат дека постмодернизмот ни помага да ги отвориме фиксираните термини и да продолжиме понатаму.

## Постфеминизам

Термин кој понекогаш се употребува, особено во масовните медиуми, за да имплицира дека феминистичкото движење не е повеќе потребно бидејќи жените ја постигнале законската еднаквост. Постфеминизмот, исто така, се употребува во контекст на постмодерниот релативизам каде унитарниот концепт

„жена“ е нападнат од антиесенцијалистите и се смета дека не е веќе валиден. Овде разликите меѓу жените може да изгледаат толку големи така што политичко движење за прогрес и промена во полза на „жените“ изгледа невозможно, па следува состојбата на постфеминизам.

## Прв бран (феминизам)

Првиот бран феминизам понекогаш е познат и како „стар бран“. Терминот вообичаено реферира на мобилизацијата за право на глас во Америка и Англија меѓу 1880 и 1920 година, иако организирано движење за правото на глас на жените постои веќе 40 години претходно. Феминизмот на првиот бран создаде нов политички идентитет за жените со законски подобрувања и јавна еманципација. Борбата за глас, како и подоцнежните битки за семеен надоместок, контрацепција и абортус, права за социјална грижа, се движеа околу неколку точки: домашниот труд на жените, способноста за мајчинство, заштитните легислативи и правниот статус на жените.

## Предрасуди

Предрасудите се измислени, лажни или дискриминаторски ставови кон лица од различни категории. Расни, сексуални и други видови предрасуди можат да постојат на ниво на лични односи и на индивидуални однесувања, исто како и да бидат институционализирани како законска или административна политика.

## „За абортус“ (pro-abortion)

Израз користен од противниците на абортусот за да го претставаат „ЗА ИЗБОР“ (PRO-CHOICE) - стојалиштето како гледиште кое го застапува или го протежира абортусот.

## „За избор“ (pro-choice)

„ЗА ИЗБОР“ (PRO-CHOICE) - поддржувачите веруваат дека жените треба да бидат во можност да сметаат на абортусот како опција кога се соочуваат со несакана бременост или бременост со несакани последици за животот на жените.

## Продуктивна работа

Продуктивната работа е активност која продуцира добра и услуги за размена на пазар заради приход. Некои аналитичари, особено оние кои работат на прашањата за еднаквост меѓу мажите и жените, го вклучуваат производството на артикли за потрошувачка во домаќинството под оваа дефиниција, дури иако тие никогаш не стигнуваат до пазарот, сметајќи го ова како потрошувачка, односно форма на непаричен приход. И мажите и жените придонесуваат за семејниот приход со многубројни форми на производствена работа, иако мажите превладуваат во продуктивната работа која е платена. Историски, во повеќето општества, промените во економската структура и според тоа во структурата на продуктивните активности водеше кон промени во половата поделба на трудот и родовите релации.

## Продуктивни улоги

Продуктивните улоги се однесуваат на активностите што ги спроведуваат мажите и жените со цел да произведуваат добра и услуги, како за продажба, размена или за да се задоволат суштинските потреби на семејството. На пример: во земјоделството, продуктивните активности вклучуваат садење, одгледување на животни и градинарство кое се однесува на самите фармери или на други луѓе како вработени.

## Проституција

Вообичаено, проституцијата се дефинира како изнајмување на нечие тело заради сексуален однос. Феминистичките теории ја доведуваат под прашање имплицитната претпоставка на слободен избор во оваа дефиниција и тврдат дека проституцијата е парадигма на други соодноси меѓу мажите и жените. На пример, како и силувањето, проституцијата е дефинирана од општеството како „нормален“ одговор на женската сексуална заводливост и машкиот сексуален нагон.

Во различни периоди се обрнувало внимание на различни аспекти на проституцијата. Во 19 век феминистите се борат против државното регулирање на проституцијата, со полицијата, парламентот и медицинските установи, што резултира со пораз на Законот за заразни болести (Англија). Во истражувањата на современиот феминизам проституцијата се проучува историски, а од увидот за нејзината променлива форма се тврди дека сексуалноста е консти-

туирана во општеството, а не е биолошки детерминирана. Радикалниот феминизам тврди дека проституцијата е парадигма не само на женската сексуална ранливост туку и на нашата ранливост со сексуалното условување и економската дискриминација. Тие тврдат дека економското редуцирање на родовите теми, како што е проституцијата, е една од најштетните форми на андроцентричното мислење.

## Процента на влијанието врз родот

Проценка спроведена врз секоја општествена акција или политички предлог за да се избегне потенцијален ефект кој е родово дискриминирачки.

# Р.

## Радикален феминизам

Радикалниот феминизам тврди дека угнетувањето на жените произлегува од категоризацијата на жените како инфериорна класа во однос на класата „мажи“ врз основа на нивниот пол. Радикалниот феминизам има за цел да го уништи овој пол-класа систем. Она што го прави овој феминизам радикален е што тој се фокусира на корените на машката доминација и тврди дека сите форми на угнетување се екстензии на машката супериорност. Радикалниот феминизам тврди дека патријархатот е дефинирачка карактеристика на нашето општество. Друга централна теза е верувањето дека личното е политичко и дека основа на идното општество е поставување на жените во центар. Според нив, жените мораат да преземат

радикална контрола врз своите тела и животи. Радикалниот феминизам придонесува за феминистичката теорија на неколку начини. Прво, тој создава концепти на женска култура каде што градењето на алтернативните институции може да создаде социјални промени. Второ, тој е прва теорија која целосно ја реконцептуализира реалноста од женско стојалиште. Трето, тој открива дека постојат скриени маскулинистички предубедувања во концептуалната рамка на голем дел од традиционалните знаења и дуализми кои традиционалната политичка теорија ги употребува за да ја оправда подреденоста на жените. И повеќе од која било теорија, тој работи за да го направи видливо невидливото преку внесување на родовата структура во општеството.

## Различен пристап кон ресурсите и нивна контрола

Кога се истражува како ресурсите (земја, труд, кредит, приход итн.) се распределени меѓу мажите и жените, важно е да се направи разлика меѓу пристапот кон ресурсите и контролата над нив.

1. **Пристап**. Му дава на поединец да ги користи ресурсите, на пример: земја за да одгледува посев.
2. **Контрола:** Му овозможува на поединец да одлучува околу тоа кој ги употребува ресурсите или да располага со истите, на пример: продажба на земја. Основните податоци во комплетна родова анализа утврдуваат дали постои каква

било разлика во пристапот на мажите и на жените на овие три категории ресурси:

3. **Ресурси:**

» Економски/Производни/ (земја, кредит, приход, вработување)

» Политички (образование, политичко претставување, водство)

» Време (клучен ресурс, од аспект на монетарно вреднување на времето потрошено за активностите на жените и на мажите).

## Разновидност

Разликите во вредностите, ставовите, културните перспективи, верувањата, етничката позадина, сексуалната ориентација, вештините, знаењата и животните искуства на секој поединец во која било група луѓе.

## Рамноправност и одржлив развој

Потребни се два вида на рамноправност за да настане потполен човечки развој: рамноправност за човечките генерации кои допрва ќе дојдат, чии интереси не се претставени во стандардните економски анализи или од пазарните сили кои не ја вбројуваат иднината, и рамноправност за луѓето кои живеат сега, а немаат еднаков пристап кон природните ресурси или кон социјалните и економските „добра“. Всушност, постои конфликт меѓу овие два вида рамноправност. Некои толкувачи истакнуваат дека еколошките теми кај земјите во развој не можат да се разрешат без намалување на сиромаштијата и барање за редистри-

буција на богатството или приходите како во самите земји така и меѓу богатите и сиромашните нации.

## Регулирање на скратено работно време

Воведување на правила кои ја регулираат целта и употребата на скратеното работно време, со цел да ја спречат секоја форма на дискриминација во однос на тие работници, подобрувајќи го квалитетот на работата.

## Резолуција на Советот за безбедност 1325 (2000)

Во Резолуцијата, државите и меѓународните институции се повикуваат на преземање чекори за да се обезбеди поголемо присуство на жените на сите нивоа на одлучување во националните, регионалните и меѓународните институции и механизми за спречување, водење и решавање на конфликти; да се интегрира родовата перспектива во мировните операции и операциите на терен; се бара да се обезбедат материјали и финансиска поддршка за обуки за заштитата, правата и особено за потребите на жените; при договарањето и имплементацијата на мирот да се земе предвид родовата перспектива (посебните потреби на жените при репатријација и рехабилитација, локалните женски иницијативи во локалните и регионалните конфликти); се повикува на преземање мерки за спречување на родово засновано насилство за време на конфликтите и казнување на сторителите кои извршиле такво насилство; да спроведе студија за влијанието на вооружениот

конфликт врз жените и девојките, улогата на жените во градењето на мир и нивната улога во мировните процеси и разрешувањето на конфликти.

## Репродуктивна работа

Оваа работа ги вклучува сите задачи поврзани со поддршка и одржување на сегашната и идната работна сила - оние коишто ја преземаат или ќе ја преземат продуктивната работа. Таа сè повеќе се поврзува со биолошка репродукција. Таа вклучува раѓање и одгледување на деца, но не е ограничена на овие задачи. Социјално репродуктивните активности вклучуваат грижа за децата, подготвување на храна, одржување на хигиената во домот, грижа за болните или старите, социјализација на младите, внимавање на ритуалните и културните активности преку кои се пренесува општествената работна етика и споделувањето и поддршката во заедницата кои се суштински за преживување на економскиот стрес.

Фактот што репродуктивната работа е суштинска основа за продуктивната работа е главен аргумент за економската важност на репродуктивната работа и покрај тоа што во поголем дел е неплатена. Пресекот на човековата продуктивна и репродуктивна работа со политичките приоритети, што има реперкусии на сите нивоа во економијата и општеството, е основен фокус на родовата анализа.

## Репродуктивни права

Репродуктивните права содржат одредени човекови права кои се веќе признаени во националните закони, документите за човековите права и други меѓународни документи. Овие права почиваат на признавањето на основното право на сите сопружници и поединци да одлучуваат слободно и одговорно за тоа каде, кога и колку деца би имале и да имаат информации и средства за да го направат тоа, како и права за добивање на највисок стандард на сексуално и репродуктивно здравје. Тоа, исто така, го вклучува и нивното право да носат одлуки кои се однесуваат на репродукцијата ослободени од дискриминација, принуда и насилство. Унапредување на одговорната примена на овие права за сите луѓе треба да биде фундаментална основа на политиките и програмите поддржани од владите и заедниците во областа на репродуктивното здравје, вклучувајќи го и планирањето на семејството.

## Репродуктивни улоги

Репродуктивните улоги се определени од репродуктивната работа, односно активностите кои се потребни за да се осигура размножувањето на општествената трудова сила. Ова содржи раѓање, одгледување на децата, како и грижа за сите членовите на семејството. Овие задачи најчесто ги извршуваат жените.

## Репродуктивно здравје

Состојба на целосна физичка, ментална и општествена благосостојба, а не само отсуство на болест или немоќ, за сите прашања поврзани со репродуктивниот систем и со неговите функции и процеси.

## Род

Родот реферира на социјално договорени улоги, однесувања, вредности, и активности и атрибути кои дадено општество ги смета за соодветни за жените и мажите. Родот е стекнат идентитет којшто е научен, се менува со текот на времето и нашироко варира во и низ културите.

## Родителско отсуство

Индивидуално право на отсуство за сите машки и женски работници кое следува со раѓање или посвојување на дете за да им овозможи да се грижат за него.

## Родов јаз

Јазот кој се јавува во која било област во општествениот живот меѓу жените и мажите и се однесува на учество, пристап, права, хонорари и продобивки.

## Родов јаз во платите

Јазот меѓу просечната заработувачка на жените и мажите.

## Родов систем

Збир на имплицитни и експлицитни правила кои ги уредуваат родовите релации меѓу мажите и жените наметнувајќи им различна работа, вредности, одговорности и обврски кои се манифестираат на неколку нивоа: културната надградба, институциите и процесите на социјализација.

## Родова анализа

Се однесува на мноштво методи кои се употребуваат за да се разберат релациите меѓу мажите и жените, нивниот пристап кон ресурсите, нивните активности и ограничувањата со кои тие се соочуваат кога се поврзуваат меѓусебно. Родовата анализа обезбедува информации за препознавање дека родот и неговите врски со расата, етнитетот, класата, возраста, инвалидитетот и/или друг статус е важен во разбирањето на различни обрасци на ангажираност, однесување и активности кои мажите и жените ги имаат во економските, социјалните и правните структури.

Родовата анализа е дел од процесот на креирање, спроведување и оценување на политиките во јавната сфера кои се релевантни за одржливоста и развојот на заедницата. За таа цел, родовата анализа треба да ги анализира разните процедури во креирањето на политиките со цел да обезбеди знаења и да предложи нивна реорганизација која ќе резултира со интеграција на родовата перспектива.

## Родова аналитичка информација

Родовата аналитичка информација е квалитативна информација за родовите разлики и нееднаквости. Родовата анализа служи да се разбере културата, т.е обрасците и нормите на однесување кои мажите и жените, момчињата и девојките ги практикуваат и искусуваат во однос на прашањето кое се испитува. Додека обрасците на родовите разлики и нееднаквости се откриваат во податоците класифицирани според пол, родовата анализа е процес на истражување за тоа зошто различностите постојат, дали се загрижувачки и како тие можат да бидат поставени како предмет на анализа и родово чувствителен активизам.

## Родова димензија

Аспектот на кое било прашање кое е поврзано со родот/ разликите во животите на жените и на мажите.

## Родова еднаквост 1

Родовата еднаквост се однесува на концептот дека жените и мажите се слободни да ги развиваат нивните лични способности и да избираат без ограничувања од поставени стереотипи, предрасуди и строги родови улоги. Родовата еднаквост значи дека различните однесувања, аспирации, потреби на жените и мажите се почитувани, земени предвид, вреднувани и подеднакво потпомогнати. Тоа значи дека нивните права, одговорности и можности нема да зависат од тоа дали тие се родени како машки или како женски.

## Родова еднаквост 2

Во контекст на меѓународните човекови права, правниот концепт на родова еднаквост е содржан во Универзалната декларација за човекови права од 1948 година, исто како и во Конвенцијата на Обединетите нации за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените од 1979 година. Конвенција која ја ратификуваа 100 земји, која јасно и недвосмислено изјавува дека „дискриминацијата врз жените ги повредува принципите на еднаквост на правата и почитта кон човековото достоинство“. Владите во светот го потврдија нивното обврзување на „еднакви права и иманентно човечко достоинство за сите жени и мажи“ во Пекингшката декларација и Платформа за акција од 1995 година.

## Родова еднаквост како развојна цел

На четвртата светска конференција за жените на Обединетите нации одржана во Пекинг во 1995 година, земјите се обврзаа на родова еднаквост и зајакнување на жените. Пекингшката декларација која беше усвоена на Конференцијата претставува подлога за перспективите и стратегиите концепирани на претходните конференции на Обединетите нации за едукација (1990) во Јомтиен, екологија (1992) во Рио, човекови права (1993) во Виена, популација (1994) во Каиро и социјален развој (1995) во Копенхаген, вклучувајќи ја и Конвенцијата за елиминирање на сите форми на дискриминација врз жените (CEDAW, 1979). Таа е заснована на принципите на човековите права и социјалната правда. Јасно е

признаено дека родовата еднаквост и зајакнувањето на жените се суштински за упатување кон главната грижа на сиромаштијата и несигурноста и за достигнување на одржлив развој со човекот како центар.

## Родова неутралност

Немање на диференцијално позитивно или негативно влијание на родовите релации или еднаквоста меѓу мажите и жените.

## Родова обука

Родовата обука се појави во употреба во средината на 1980 година за да ги „научи“ создавачите на развојните политики, планерите и персоналот за имплементација да го препознае и земе предвид различното влијание на развојните интервенции врз мажите и жените. Овој вид на родова обука вообичаено вклучува:

-Подигање на свеста на учесниците за различните и нерамноправни улоги и одговорности на жените и на мажите во секој поединечен контекст;

-Проценка на начините на кои развојните интервенции влијаат и се под влијание од разликите и нерамноправностите меѓу мажите и жените;

-Учесниците да се стекнат со знаење и вештини за разбирање на родовите разлики и нееднаквости во контекст на нивната работа, да планираат и имплементираат политики, програми и проекти со цел да ја надминат родовата нееднаквост.

## Родова перспектива

Родова перспектива е стојалиште кон родовите разлики во секоја дадена политичка област/активност. Општо прифаќање на родовата перспектива во процесот на проценување на импликациите на секое планирано дејство врз жените и врз мажите, вклучувајќи го и законодавството, политиките или програмите во сите области и на сите нивоа. Тоа е стратегија за прашањата и за искуствата на жените и на мажите во настојувањето да станат интегрална димензија на дизајнирањето, спроведувањето, мониторингот и евалуацијата на политиките и програмите во сите политички, економски и општествени сфери така што жените и мажите ќе имаат еднакви придобивки и нема да се продолжува со нееднаквоста. Крајна цел е да се постигне родова еднаквост.

## Родова поделба на трудот

Родовата (или половата) поделба на трудот се однесува на доделување на различни работи или типови на работа за мажите и за жените, најчесто според традиции или обичаи. Според феминистите, економиите, институционалните правила, норми и практики кои го управуваат доделувањето на задачите меѓу мажите и жените, момчињата и девојчињата, исто така конституираат поделба на труд, кој се гледа како варијабла низ времето и просторот и постојано е тема за преговори.

## Родова проверка

Родова проверка е анализа и евалуација на политики, програми и институции за тоа како тие ги применуваат критериумите за родовата еднаквост.

## Родова процена на влијание

Проценувањето на политичките предлози на сите различни влијанија врз мажите и жените, со намера да се идентификува дека дискриминаторските ефекти се неутрализирани и дека е спроведена родова еднаквост.

## Родова рамноправност

Родовата рамноправност значи праведност при постапувањето со мажите и со жените, во согласност со нивните особени потреби. Овој концепт можеби содржи диференциран третман, но тој се смета за праведен од аспект на правата, придобивките, обврските и можностите. Во контекст на развојот, целта на родовата рамноправност најчесто бара посебни мерки за да се компензира за историската и за социјалната хендикепираност на жените. Родовата рамноправност е засегната со унапредување на личната, социјалната, културната, политичката и економската рамноправност за сите.

## Родова релевантност

Прашањето е дали определена политика или акција е релевантна за родовите релации/еднаквост меѓу жените и мажите.

## Родова свесност

Родова свесност е разбирање дека постојат социјално определени разлики меѓу мажите и жените кои се засновани на научени однесувања и влијаат на нивната способност за пристап и контрола на ресурсите. Оваа свесност мора да се примени преку родовата анализа во проекти, програми и политики.

## Родова чувствителност

Родовата чувствителност ја опфаќа способноста да се сфати и обелодени постоењето на родовите разлики, проблеми и нееднаквости и истите да се инкорпорираат во стратегии и акции за нивно надминување.

## Родови идентитети (психолошки)

Индивидуално чувствување на себеси: самосвест како полово/родово човечко суштество која не зависи од полот кој му е припишан со раѓање. Подразбира личен концепт/конструкт кој може да биде во согласност со општествено пропишаните концепти во поглед на полот/родот или може да ги негира, надминува и менува.

## Родови политики (институционални)

Родовите политики се поделени на три категории во зависност од обемот по кој тие ги препознаваат и ги поставуваат родовите теми.

1. Родово свесни политики: Родовите свесни политики признаваат дека жените, исто како и мажите, се учесници во развојот. Нивните

потреби, интереси и приоритети можат да се разликуваат и повремено да си противречат. Родовите свесни политики можат понатаму да се поделат на два типа политики:

а) *Родово неутрални политики* - Родово неутралните политики не ги нарушуваат постоечките родови релации.

б) *Родово специфични политики* - Тие го употребуваат знаењето за родовите разлики во дадена ситуација за да одговорат на практичните родови потреби било на жените било на мажите. Овие политики не упатуваат на постоечките поделби на ресурси и одговорности.

2. *Родово слепи политики*: Таквите политики не успеваат да направат разлика меѓу мажите и жените. Политиките се пристрасни во корист на постоечките родови релации и поради тоа веројатно ги исклучуваат жените.

3. *Родово редистрибутивни политики:* Тие имаат за цел да ја трансформираат постоечката дистрибуција на ресурсите и одговорностите со цел да се создадат порамноправни односи меѓу мажите и жените. Цел на интервенцијата можат да бидат мажите и жените или пак само една група. Родово редистрибутивните политики се фокусираат главно на стратешките родови интереси, но може да ги има во план и практичните родови потреби на начин кој има трансформаторен потенцијал (овозможува повол-на околина за самозајкнување на жените).

## Родови потреби

Родовите потреби се дефинирани од следството дека ако жените и мажите имаат различни улоги засновани на нивниот род, тие исто така би имале различни родови потреби. Овие потреби можат да се класифицираат и како стратешки и како практични потреби.

## Родови потреби/интереси (практични и стратешки)

Жените и мажите имаат различни улоги и одговорности и поради тоа имаат различни интереси/потреби. Овие се наречени родови интереси/потреби, практични и стратешки. Практичните и стратешките родови интереси/потреби не треба да се гледаат како одделни, туку, подобро, како да се надополнуваат. Преку консултација со жените за нивните практични родови интереси/потреби можат да се создадат стратешки родови интереси/потреби.

» *Практични родови потреби (ПРП):* Тоа се родови потреби кои жените и мажите можат лесно да ги идентификуваат, бидејќи се поврзани со секојдневните услови за живот. Жените можат да идентификуваат потреба за здрава вода, храна, здравствена грижа, приход, како неопходни потреби кои мораат да се задоволат. Задоволувањето на практичите родови потреби на жените е суштинско со цел за да се подобрат животните услови, но самите по себе тие нема да ги променат распространетите неповолни околности (подредената) позиција на жените.

» *Стратешки родови интереси/потреби*: Тоа се оние кои жените ги идентификуваат поради нивната подредена позиција во однос на мажите. Тие го поврзуваат тоа со прашањето на моќ и контрола и родовата поделба на трудот. Стратешките интереси/потреби можат да вклучат промени во родовата поделба на трудот (жените да не го работат она што традиционално се гледа како женска работа, мажите да преземат поголема одговорност за одгледувањето на децата и домашната работа), законски права, елиминирање на семејното насилство, еднакви плати и контрола на жените над нивните сопствени тела. Стратешките интереси жените не можат лесно да ги идентификуваат како нивни практични интереси/потреби, па поради тоа потребни се специфични околности/предуслови за да го направат тоа.

## Родови релации

Родови релации се социјални релации меѓу мажите и жените. Тие се истовремено релации на соработка, поврзување и заемна поддршка, но и на конфликт, поделба и натпреварување, на разлика и нееднаквост. Интересот на родовите релации е колкава е распределбата на моќ меѓу половите. Тие создаваат и репродуцираат системски разлики во позициите на мажите и на жените во дадено општество. Тие ги дефинираат начините на кои одговорностите и правата се обезбедени и начините на кои на секој од нив му е дадена вредност.

Терминот „родови релации“ исто така реферира на врските меѓу луѓето и нивната поширока заедница. На пример, врската меѓу членовите на руралната заедница и нивната локална заедница (на пример, општина или регион) е родова врска доколку мажите и жените доживуваат различни придобивки од таквата релација.

## Родови релации и родов идентитет (промени)

Родовите улоги и карактеристики скоро во сите општества претрпуваат многу приспособувања и промени како одговор на технолошките промени, што доведе до крупни економски и социјални промени во сите делови на светот. Промените во родовите улоги и релации често наидуваат на отпор, особено од културните сили и традицијата. Важен дел од стратегиите за родовата еднаквост е предвидување и подготовка за очекуваните форми на отпор во однос кон промените, во активностите или статусот и позицијата на жените. Родовата анализа може да покаже дека промената во одредени аспекти на социјалните улоги и релации меѓу жените и мажите може да ги подобри квалитетот и условите за живот за секого.

## Родови релации (трансформирање)

Промените во родовите релации ги *трансформираат* долготрајните обрасци на родовите релации; една промена носи други, па според тоа, природата и степенот на промените кои се појавуваат во животите

на мажите и жените како резултат на успешни интервенции на стратегиите за родовата еднаквост објаснува зошто „трансформацијата“ е активна конструкција. Трансформацијата од овој вид бара разбирање, и, паралелно или истовремено, внимание на практичните потреби и стратешки интереси на жените и на мажите.

## Родови студии

Родовите студии денес од многумина се сфаќаат како продлабочување на полето на женските студии кое ги надминува почетоците на женското ослободително движење во политиката од шеесеттите и седумдесеттите години на минатиот век. Неколку клучни карактеристики ги одбележуваат родовите студии: прво, интередисциплинарното истражување на родот претставува конститутивен предмет на родовите студии и има големо влијание врз современата теорија и ставови во однос на производството на знаење; второ, родовите прашања продолжуваат да продираат во главните дисциплини пошироко (иако не секогаш со леснотија); трето, феминизмот останува централна културна перспектива за изучување на родовите релации, потсетувајќи нè дека дисциплината произлезе од идентификацијата според која жените како група биле онеправдани и во јавната сфера и во објаснувањето на нивната „вистинска природа” во теоријата.

## Родови улоги

Родовите улоги се научени однесувања во дадено општество или заедница или друга посебна група, односно активности, задачи и одговорности кои се перципираат како машки и женски. Родовите улоги се одредени од возраста, класата, расата, етнитетот, религијата, како и од географската, економската и политичката околина. Промените во родовите улоги често се појавуваат како одговор на менувањето на економските, природните или политичките околности, вклучувајќи ги и развојните напори.

## Родово насилство

Родово насилство е кој било чин или закана со што се нанесува физичка, сексуална или психолошка повреда на луѓето поради нивниот род. Како и да е, не постои единствена дефиниција за родовото насилство која е меѓународно прифатена и постои голема дебата околу нејзиниот опсег. Обично, чиновите или заканите како такви вклучени во дефиницијата на родовото насилство се: силување, сексуално малтретирање, тепање на сопругата, сексуално злоупотребување на девојчиња, насилство поврзано со мираз, вонбрачно насилство во домот. Другите дефиниции се протегаат на силување во брак, чинови како што се генитално сакатење на жените, чедоморство на женски деца и полово селективни абортуси. Понатаму, одредени дефиниции вклучуваат „сексуална експлоатација“, како што е принудна проституција, трговија со жени и девојки и порнографија.

## Родово планирање

Родовото планирање се однесува на процесите на планирање на развојните програми и проекти кои се родово сензитивни и кои го земаат предвид влијанието на разликувањето на родовите улоги и родовите потреби на жените и мажите во целната заедница или секторот. Тоа вклучува селекција на соодветни пристапи за да упати не само на практичните потреби на мажите и жените, но исто така и да ги идентификува клучните точки за да ги предизвика нерамноправните релации (т.е стратегиските потреби) и за да ја зголеми родовата одговорност во политичкиот дијалог.

Активен пристап кон планирањето кој го зема родот како клучна варијабла или критериум и кој настојува да ја интегрира експлицитната родова димензија во политиката или акцијата.

## Родово слепило

Родовото слепило е неуспех да се препознае дека родот е суштинска детерминанта на социјалните последици кои влијаат на проектите и политиките. Пристапот на родово слепило претпоставува дека родот не е фактор на влијание во проектите на родово неутралните политики.

## Родово-сензитивни буџети

Родово-сензитивните буџети се однесуваат на мноштво од процеси и средства, кои се обидуваат да го проценат влијанието на буџетите на властите врз различни групи на мажи и жени, истакнувајќи ги

начините на кои родовите релации ги потпираат општеството и економијата. Родовите буџети не се посебни буџети за жени. Тие вклучуваат анализи на родово насочено распоредување на средства; тие, според категоријата род, ги класифицираат влијанијата на основните издатоци низ сите сектори и служби и ги преиспитуваат политиките и распоредувањето на средства во владините служби според критериумите на еднаквите можности за жените и на мажите. Можат да вклучат алоцирање средства за специјални програми чија цел се жените.

## Родот во развојот (Gender in development) GID

Перспективата *родот во развојот* се појавува во доцните 80-ти како алтернатива на превладувачкиот пристап *жените во развојот* (Women in development) WID. За разлика од WID, кој се фокусираше само на жените и ги повикуваше на интеграција во развојот како производители и работници, GID се фокусира на заемна зависност на мажите и на жените во општеството и на нееднаквите релации на моќ меѓу нив. Пристапот GID цели кон развоен процес кој ги трансформира родовите релации со цел да ги оспособи жените да учествуваат на исто ниво со мажите при определување на нивната заедничка иднина. Пристапот GID ја нагласува важноста на организирање на жените за самозајакнување.

## Родот во развојот (состојба и позиција)

Развојните проекти главно се насочени кон подобрување на условите на животите на луѓето. Од родова и развојна перспектива, направена е дистинкција меѓу секојдневните услови на животите на жените и нивната позиција во општеството. Како додаток на специфичните услови кои жените ги споделуваат со мажите, при позицијата на жените во релација со мажите мора исто така да бидат проценети и различните начини на пристапи кога се планираат и имплементираат интервенциите.

Состојба: Со овој поим се реферира на материјалната состојба во која живеат жените и мажите и е поврзана со нивните одговорности и работа. Подобрувања на состојбата на мажите и жените можат да се направат со обезбедување, на пример: безбедна вода, кредити, односно практични потреби на родот.

Позиција: Позицијата се однесува на социјалното и на економското стојалиште на жените во однос на мажите, на пример, машко-женските нееднаквости во платите и можностите за вработување, нееднакво претставување во политичките процеси, нееднакво поседување на недвижности и сопствености, ранливост при насилство, стратешки родови потреби и интереси.

# С.

## Сајберфеминизам

Сајберфеминизмот е позиција во феминистичкото движење што за предмет ги има родовите релации во таканаречениот сајберпростор, односно својот интерес го насочува во просторот на современите информатичкокомуникациски технологии. (ИКТ). Она по што овие технологии се разликуваат од другите технологии е фактот дека на најдиректен начин ги обликуваат човечките комуникативни и информатички активности и меѓусебни релации, создавајќи нови и оригинални меѓучовечки релации и, истовремено, ги реобликуваат постојните. Целта на сајберфеминизмот е да се идентификуваат родовите теми, да се добијат информации и да се подигне свеста за родовата димензија на ИКТ, а сето тоа со цел да се обезбеди знаење кое ќе биде искористено

во продукцијата и евалуацијата на ИКТ-политиките и проектните активности.

## Сегрегација на работи/сегрегација при вработување

Концентрација на жени и мажи во различни типови и нивоа на активности и вработувања, при што жените, за разлика од мажите, се ограничени на потесен опсег на занимања (хоризонтална сегрегација) и на помалку вреднувана работа (вертикална сегрегација).

## Сексизам

Акции или ставови кои дискриминираат и се насочени против луѓето, а се засновани исклучиво врз нивниот род се нарекуваат сексизам. Сексизмот е поврзан со моќта. Сексизмот е исто така поврзан со стереотипи бидејќи дискриминаторните акции и ставови најчесто се базираат на лажни верувања или несоодветни генерализации за родот и поимањето на родот како релевантен кога не е.

## Сексуална експлоатација

Сексуална експлоатација е сексуално повредување на човечкото достоинство, еднаквоста, физичкиот и менталниот интегритет на една личност. Тоа е практика со која некои луѓе (вообичаено мажите) постигнуваат моќ и доминација над други луѓе (примарно жени и деца) заради сексуално задоволување и/или финансиска добивка.

## Сексуална ориентација

Сексуалната ориентација е еротска релација на привлечност на поединец кон поединец од истиот или од спротивниот пол. Обично се смета дека овој аспект на човечката сексуалност не е прашање на избор. (хомосексуалност, лезбиство, хетеросексуалност, бисексуалност).

## Сексуална преференција

Постои голема конфузија во литературата околу употребата на изразите „сексуална ориентација“ и „сексуална преференција“. За разлика од „сексуалната ориентација“ која се дефинира како зададена или детерминирачка карактеристика на нашата сексуалност којашто ја носиме од нашето раѓање, „сексуалната преференција“ се определува како недетерминирана сексуалност која се темели на желбата и посакувањето, на контекстуалните фактори (индивидуални или социјални) и/или на нашата слободна волја и вкус.

## Сексуални права

Не постои меѓународно договорена дефиниција за сексуалните права. Сексуалните права понекогаш се тесно дефинирани како права поврзани со сексуалната ориентација и родовиот идентитет или се дефинираат исклучиво во контекст на репродуктивните права. Како и да е, сексуалните права се однесуваат на целиот спектар на човековата сексуалност, вклучувајќи ги и правата поврзани со сексуалната ориентација, родовиот идентитет, изразувањето и репро-

дукцијата, но не мора да бидат сведени на овие елементи на сексуалноста.

Сексуалните права како дел од човековите права можеме да ги идентификуваме во националните закони, меѓународните документи за човековите права и други меѓународно договорени документи. Тие содржат права за сите луѓе, ослободени од присила, дискриминација и насилство, за:

- највисок остварлив стандард на здравје во однос на сексуалноста, вклучувајќи пристап кон службите за сексуална и репродуктивна здравствена грижа.
- право да бараат, примаат и даваат информации во врска со сексуалноста.
- сексуално образование.
- неповредливост на телесниот интегритет.
- избор на партнер.
- одлучување да се биде сексуално активен или не.
- доброволни сексуални односи.
- доброволен брак.
- одлучување дали да се имаат деца или не и кога.
- развивање на задоволувачки, безбеден и пријатен сексуален живот.
- одговорна примена на човечките права бара сите личности да ги почитуваат правата на другите.

## Сексуалност

Сексуалноста е суштински аспект на тоа да се биде човек во текот на целиот живот и ги опфаќа полот, родот, идентитетите и улогите, сексуалната ориентација, еротизмот, задоволството, интимноста и репродукцијата. Сексуалноста се искусува во мислите, мечтите, желбите, верувањата, ставовите, вредностите, однесувањата, практиките, улогите и односите. Додека сексуалноста може да ги содржи сите овие димензии, не сите од нив се секогаш искусени и изразени. На сексуалноста влијае поврзаноста на биолошките, психолошките, социјалните, економските, политичките, културните, етничките, правните, историските и религиозните или духовните фактори.

## Сексуално малтретирање (вознемирување)

Сексуално малтретирање (вознемирување) значи секое навредливо вербално, невербално или физичко однесување од полов карактер што претставува повреда на личното достоинство, особено кога предизвикува заплашување, одбивност, деградирање, понижување

## Сексуално здравје

Сексуалното здравје е состојба на физичка, емоционална, ментална и социјална добросостојба која е поврзана со сексуалноста. Тоа не е само отсуство на болест, дисфункција или немоќ. Сексуалното здравје бара позитивен и пристап полн со почит кон сексуалноста и сексуалните односи, исто како и мож-

ност да се има пријатно и безбедно сексуално искуство, ослободено од принуда, дискриминација и насилство. За да може сексуалното здравје да биде постигнато и одржувано мораат да се почитуваат, заштитуваат и исполнуваат сексуалните права на сите личности.

## Сексуална злоупотреба/силување

Сексуалното злоупотребување е широк концепт кој ги вклучува сите форми на сексуална принуда (емоционална, физичка, економска) против млади или возрасни жени. Тоа може, но и не мора да вклучува силување (на пример, налагање на одредени сексуални практики како што се егзибиционизам и порнографија). Силување значи употреба на физичка и/или емоционална принуда или закана која се применува со цел да се пенетрира во млада или возрасна жена вагинално, орално или анално против нејзина желба. Силувачите можат да бидат: партнерот, поранешен партнер, пријател, татко или друг член на семејството, друга личност во домот, учител/воспитувач, шеф, колега од работа или училиште, друг познат, странец. Сексуалната злоупотреба освен што вклучува употреба на сила, вклучува и искористување на немоќта или злоупотреба на позицијата.

## Сексуално злоупотребување на деца

Сексуално злоупотребување на деца значи искористување на малолетници заради сексуално задоволство. Сексуалното злоупотребување може да вклучува физички контакт, мастурбација, полов однос

(вклучително пенетрација) и/или орален и анален контакт. Исто така, може да вклучи егзибиционизам, воајеризам, порнографија и/или проституција на мали деца.

Сторителите можат да бидат: татко, друг член на семејството, друга личност во домот, учител/воспитувач, училиштен другар, друг познајник, странец.

## Секс-позитивен феминизам

Секс-позитивниот феминизам се темели на идејата дека сексуалната слобода е суштинска компонента на слободата на жените. Како таква, секс-позитивните феминистки се противат на правните или на социјалните инструменти за контрола на сексуалните активности меѓу возрасните лица кои се на консензуална основа.

## Силување

Силувањето претставува форма на сексуално насилство, односно сексуален или полов однос или друга форма на сексуален или полов напад кој вклучува употреба на сила или закана.

## Скриена невработеност

Невработени лица кои не ги исполнуваат барањата на националните системи за да се регистрираат како невработени (барања кои можат да ги исклучат особено жените).

## Социјално движење

Каква било колективна акција која има за цел да постигне некаква фундаментална промена во културата, социјалната структура или политичкиот систем заради остварување на одредени интереси.

## Споделување на работа

Каде што една работа и нејзината плата и услови е споделена од (вообичаено) двајца или повеќе луѓе кои работат по договорен образец.

## Стереотипи

Стереотипи се воопштен збир на обележја и карактеристики припишани на специфична етничка, национална, културна или расна група која ги поттикнува лажните очекувања дека поединечните членови на групата ќе кореспондираат со овие обележја.

## Стрејт

Лице (или особина на лице/а) чија сексуална и емоционално-романтична ориентација е кон луѓето од „спротивниот“ пол.

## Стручна подготовка

Стручна подготовка е секоја форма на образование која подготвува за квалификација за одредена професија, занает или вработување.

# Т.

## Теорија на стојалиште

Според теоријата на стојалиште, жените и мажите имаат различни гледишта, односно стојалишта на светот на социјалните односи и личното искуство. Тоа е така поради различните социјални позиции и материјални услови кои ги конструираат и детерминираат искуствата на жените и на мажите. На тој начин, нивните искуства градат карактеристично различни ставови кон светот. Сфатени како две социјални антагонистички групи, како група на потчинувачи (мажите) и група на потчинети (жените), нивните релации можат да се опишат според категориите на марксистичката теорија. Во системот на тие релации потчинетата група има поцелосен сознаен увид во природата на сопствената позиција и материјалните услови кои ги сочинуваат репресивните релации.

Претставник на теоријата на стојалиштето е Ненси Хартсок.

## Транвестити

Изразот транвестити се однесува на луѓе кои се облекуваат, повремено или често, во облека поврзана со спротивниот пол, во облека како што е дефинирана од страна на општествено прифатените норми. Крос-дресинг луѓето се генерално задоволни од својот род со кој се идентификувани и не посакуваат трајна промена на физичките карактеристики на нивните тела или законска промена на нивниот официјално признат род.

## Трансродни лица

Израз кој се однесува на широк спектар на идентитети и искуства на луѓе чиј родов идентитет се разликува од конвенционалните идентитетски очекувања врз основа на нивните полови карактеристики идентификувани при нивното раѓање. Најчесто користените дефиниции вклучуваат нечие однесување или изразување кое не се совпаѓа со припишаниот пол/род според стандардите на општеството.

## Трговија со луѓе

Поимот трговија со луѓе значи регрутирање, превезување, пренос, засолнување или прифаќање на лица по пат на закана или со употреба на сила или други форми на принуда или киднапирање, измама, залажување, со злоупотреба на моќ или со состојба на немоќ или со давање или примање на пари или

корист, заради постигнување на согласност на лице кое има контрола над друго лице, со цел за експлоатација. Експлоатацијата подразбира, во најмала мера, експлоатација на проституција на други лица или други форми на сексуална експлоатација, принудна работа или принудно услужување, ропство, слугување или вадење на органи.

## Трет бран феминизам

Феминизмот на третиот бран е синтагма употребена да ја покрие работата на активистичките и академските профеминистички дискурси во деведесеттите години од минатиот век. Како почеток на третиот бран се определува контроверзата околу политичкиот субјект на феминизмот, односно унитарниот концепт на жената. Главно, феминизмот на третиот бран ја доведува во прашање феминистичката култура воспоставена од претходната феминистичка генерација: ги преиспитува формите на феминистичкиот отпор, симболите и стратегиите на дејствување во услови кога многу од феминистичките барања од претходните бранови се правно институционализирани во меѓународното право.

# У.

## Улогата на родовите во јавната сфера

Улогата на жените и мажите во јавната сфера е определена од нивните репродуктивни и продуктивни активности/улоги. Поделбата на родовите улоги/активности во јавната сфера најчесто претставува континуитет на родовите улоги и работи во приватната сфера. Јавната улога на жените најчесто претставува продолжение на репродуктивните работи/улоги во приватната сфера. Јавните улоги на мажите се дефинирани преку нивната општествена активност која овозможува социјално влијание и моќ.

## Управувачки систем за родот

Управувачкиот систем за родовите аспекти во една организациска целина претставува мрежа од структури, процеси и механизми со цел да го води, планира,

мониторира и евалуира процесот на воведување на родовата перспектива во организациската рамка. Исход на таквиот процес треба да биде постигнување на родова еднаквост на еден системски и одржлив начин.

# Ф.

## Фалоцентричен/фалократски

Критички термини кои се користат во феминистичката теорија за да се укаже на машкото искуство како културно средиште и машката надреденост во општеството претставена преку фалусот/пенисот.

## Феминизам

Дефиницијата на феминизмот вклучува два момента: доктрина за еднакви права за жените (организирано движење за здобивање на права на жените) и идеологија на социјална трансформација која цели да создаде свет за жените кој е нешто повеќе отколку едноставна социјална еднаквост. Герда Лернер тврди дека феминизмот мора да прави разлика меѓу

правата на жените и еманципацијата на жените. Главно, феминизмот е идеологија на ослободување на жените бидејќи во сите свои пристапи својствено му е верувањето дека жените трпат неправда поради својот пол. Разни типови феминизми нудат различни анализи на причини или субјекти на женското угнетување. Феминизмот вклучува разни методи на анализа и теорија, ако тој треба да биде теорија за точка на гледиште на жените. Најзастапениот метод во феминизмот е подигање на свеста; бидејќи феминизмот значи сознавање на постоечките нешта во ново светло, потребно му е поинакво објаснување на односот на методот со теоријата.

## Феминизација на сиромаштијата

Идејата дека жените сѐ повеќе осиромашуваат за разлика од мажите е доминантна последниве години, но таа е опкружена со многу конфузија. Таа се употребува во три различни значења: дека кај жените има поголема појава на сиромаштија отколку кај мажите; дека нивната сиромаштија е посериозна отколку онаа на мажите; и дека постои поголема тенденција за сиромаштија меѓу жените, што е поврзано со водењето на домаќинствата од жените. Идејата за „феминизација на сиромаштијата“ води повеќе кон пристапи за редукција на сиромаштијата кои целат кон зголемување на ресурсите за жените, како што е економската поддршка и микрокредитите, отколку обид да се променат основните „правила на играта“.

## Феминистичка теологија

Феминистичката теологија се состои во критичка анализа на теолошките текстови, религиозни практики и организирање. Од интерес на феминистичкиот теолошки дискурс не се само теолошките списи кои директно ги посочуваат жените или списи кои се напишани од жени. Феминистичкото препрочитување на теолошкиот дискурс ги потврдува жените како субјекти на таквиот дискурс.

## Феминистички епистемологии

Феминистичката теорија за знаењето и науката (феминистичка епистемологија) не претставува доктрина за наводната посебност на женскиот начин на спознавање, туку испитување на присуството на сексизмот во спознавачките и когнитивните процеси. Исто така, со оваа синтагма се покрива и феминистичкиот интерес за сексизмот во науката и научното истражување.

## Фемицид

Фемицид претставува родово засновано убиство на жени, девојки, девојчиња од страна на мажи. Во основата на овој феномен лежи мизогинијата.

# Х.

## Харавеј Дона

Дона Харавеј е американски доктор на науки. Таа, исто така, има познавања од биологијата, па во нејзината работа ги анализира институциите, јазиците и културата во современата наука фокусирајќи се на теми од биополитиката и сидата. Нејзиниот есеј со огромно влијание „Манифест за киборзи“ е објавен како одговор на повикот за политичко мислење околу 1980-те од социјалистичка феминистичка перспектива. Вешто комбинирајќи ги постмодернизмот со политиката, таа создава киборг, кибернетички хибрид на машина и организам. Во 1990-те таа тврдеше дека сите сме теоретски киборзи и измислени хибриди, бидејќи патријархалниот капитализам го контролира општеството низ многу комуникациски мрежи. За

разлика од феминистките кои ја напаѓаат науката, Хараveј тврди дека само феминистичките киборзи можат да расчистат со комплексниот систем на глобални технологии. Исто така, таа предлага дека феминизмот треба да ги вклучи контекстуалните знаења на голем број политички групи.

## Хардинг Сандра

Сандра Хардинг е американски филозоф којашто работи на теориите и практиките на науката и на влијанието на науката на социјалната и на политичката мисла. Во „Прашањето на науката во феминизмот“ таа дава објаснување за феминистичкото знаење кое потекнува од философијата и психоанализата и ги идентификува феминистичкиот емпиризам и теоријата на стојалиштето како важни проекти. Теоријата на стојалиштето го отфрла универзализмот со тоа што посочува дека родот, класата и расата го обликуваат секое индивидуално разбирање на светот во различни стојалишта. Таа предлага дека искуствата на жените на маргиналност, репродукција и одбивање на дуализмот (ум/тело) може да им овозможи подобро разбирање на социјалниот живот. Овој феминистички предизвик на самите премиси на западниот рационализам нуди ветување на нова социјална и политичка мисла поттикнувајќи ги релациските капацитети и политичко обврзување, за разлика од апстракцијата и објективизмот.

## Хетеронормативност

Претпоставката дека сите луѓе се, или треба да бидат хетеросексуалци. Хетеросексизмот ги исклучува потребите, грижите и животните искуства на лезбијките, геј, бисексуалците и другите сексуални групи и идентитети. Хетеронормативноста е суптилна форма на угнетување со што се јакне невидливоста на другите не-хетеронормативни сексуални практики.

## Хетеросексуалност

Хетеросексуалноста е сексуална привлечност, еротски чинови или сексуално задоволување насочени кон личност од спротивен пол. Во некои типови феминизам и кај некои феминистки, хетеросексуалноста претставува нормативна матрица на пол-род системот. Преку нормативната хетеросексуалност, која се сфаќа како нешто единствено природно, жената се дефинира преку мажот, а родот секогаш се дефинира преку полот, иако знаеме дека механизмите на родот се социјални категории. Според некои теоретичарки, репродуктивната моќ на хетеросексуалноста не дава за право да ја сметаме единствено за нешто природно и нормално за разлика од хомосексуалноста или бисексуалноста.

## Хипел Теодор (Theodor Gottlieb Von Hippel The Elder)

Делото „За подобрување на граѓанската положба на жените“ на Теодор Хипел, објавено во 1790 година, се смета за прв манифест на германскиот феминизам.

## Хомосексуалност

Хомосексуалност е сексуална привлечност, еротски чинови или задоволување со личност од ист пол. Застапниците на движењето на хомосексуалците тврдат дека хомосексуалноста е еднакво валиден израз на човековата сексуалност, како и хетеросексуалноста и се застапуваат за унапредување на специјалните права на хомосексуалците, како што е правото да изведуваат хомосексуални чинови во јавност, да склучуваат бракови или правото да одгледуваат деца.

## Хомофобија

Страв, нетолеранција, насилство или омраза кон геј мажите и лезбијките (како и бисексуалците). Се манифестира преку вербата во супериорноста на хетеросексуалноста, која е поттикнувана од културните и институционалните општествени практики. Таа верба раѓа насилство врз нехетеросексуалните личности, кое се оправдува со убедувањето во сопствената супериорност. Насилството се одразува преку вербални и физички напади, одземање на потомството на нехетеросексуалните родители, дискриминација при вработување, плаќање на данокот, пензијата, имиграционите постапки и сл.

## Хоризонтална поделба

Концентрација на жени и мажи во различни сектори и професии.

# Ц

## Цеткин Клара

Клара Цеткин пишува за „женското прашање“ од социјалистичка перспектива. Како и Фридрих Енгелс и Август Бабел, Цеткин е убедена дека единствен начин на еманципација на жените е нивно вклучување во производството и отфрлање на капиталистичкиот систем. Клара Цеткин помогна да се иницира Интернационалниот ден на жената 8 Март.

# Ч.

## Човекови права 1

Човекови права се збир на принципи и норми создадени врз основа на признавањето на човековото достоинство и разлики кои имаат за цел обезбедување на почитување на тоа достоинство во две димензии: „човек - човек” и „човек – општество”, а цел е развој на истите.

**Човековите права се:**

**УНИВЕРЗАЛНИ** – Универзалноста се врзува за човековата природа и независност од родовиот и од културниот контекст. Се применуваат на сите луѓе, без разлика. Културните разлики кај луѓето може само да ја ублажат универзалноста, но има едно тврдо јадро на овие права кое не се менува и покрај „културниот релативизам”.

**НЕОТУЃИВИ** – Неотуѓивоста е карактеристика на човековите права, човекот. Индивидуата не може со сила или доброволно да ги отстапи своите човекови права. Не може да се отуѓат ни доброволно, не се преносливи, тие се поврзани со човековото битие. Му припаѓаат на човекот со неговото раѓање, на нив не влијаат разликите меѓу луѓето.

**НЕДЕЛИВИ -** Неделиви се бидејќи едно право оди и со друго право и другите права („одат во пакет"). Делуваат како систем („листа на права"), се смета дека само во целина се штитат. Не може легално да се поделат.

**АПСОЛУТНИ -** Човековите права не може да се сведат под утилитаристички мерила, т.е. имаат апсолутно важење на човековите права. Може да се ограничат само со човековите права – права на друг човек – систем на права. Во случаи на доминација на поединци станува збор за „апстрактни човекови права" (кога некои поединци ги намалуваат или негираат правата на другите поединци). Ограничени се и со „јавно добро" – потреби за заедничко добро (треба да се каже кои права се ограничени со права на други и да се дефинира јавното добро (пример е создавање на расна нетрпеливост – што е забрането, всушност се ограничува со услови).

# Човекови права 2

## Генерации на човекови права

**Прва генерација** се ГРАЃАНСКИ И ПОЛИТИЧКИ ПРАВА

» овие се најстари права и најсилни по своето апсолутно дејство, важат во сите држави. Постојат 20–тина права кои се основа на денешната листа. Правата се:

1. Право на живот
2. Слобода од тортура и од друг понижувачки третман
3. Слобода од ропство и присилна работа
4. Право на слобода (на дејство) и на сигурност
5. Право на хуман третман на затворени лица
6. Слобода од должнички затвор
7. Слобода на движење и избор на живеалиште
8. Право на фер судење
9. Право на ефикасен правен лек
10. Право на неретроактивност на казнено право
11. Право да се влегува во правниот промет (да се биде субјект на правото)
12. Право на приватност
13. Слобода на мисла, совест и вероисповед
14. Право на изразување на мисла (слобода)
15. Право на мирно собирање

16. Слобода на здружување и формирање на групи
17. Право на брак и на формирање на семејство
18. Политички права (гласање, избори и слично)
19. Слобода на странци од арбитрарно протерување
20. Правна еднаквост на половите
21. Забрана на дискриминација
22. Права на малцинства
23. Право на самоопределување на народите
24. Право на еднаквост пред законот

**Втора генерација** се ЕКОНОМСКИ, СОЦИЈАЛНИ И КУЛТУРНИ ПРАВА

» Овие права се лоцирани кон конкретна држава (за нејзините државјани) и ја ангажираат државата во целиот нејзин капацитет. Сите права се пресудливи и создаваат притисок врз државата кога може да ги оствари. Правата се:

1. Право на еднаквост меѓу половите
2. Право на сопственост
3. Право на работа
4. Право на правични и поволни услови за работа
5. Право на синдикално здружување
6. Право на штрајк
7. Право на социјална заштита и социјално осигурување
8. Право на социјална заштита на мајчинството, семејството и децата

9. Право на дом и место на живеење
10. Право на соодветен стандард на живеење
11. Право на физичко и ментално здравје
12. Право на образование и право на образование за човековите права
13. Право на учество во културата (и користење на научниот прогрес на целината)
14. Авторски права
15. Право на слобода, истражување и креативни способности

**Трета генерација** се права кои не се целосно правно регулирани - некои од нив се насочени кон меѓународната заедница. Овие права се во групата на т.н. „меко право" и се оди кон нивно регулирање. За нивно остварување се бара меѓународна солидарност, па затоа и се наречени „СОЛИДАРНИ ПРАВА".

» Тие права се:

1. Право на економско, социјално и културно самоопределување
2. Право на економски и социјален развој
3. Право да се учествува во користење на наследството (националното, на цивилизацијата)
4. Право на мир
5. Право на здрава околина
6. Право на хуманитарна помош

## Човекови права на жените

Човековите права на жените се темелат на признанието дека правата на жените се човекови права и дека жените искусуваат неправда единствено поради нивниот пол. Правата на жените и на девојчињата се неотуѓиви, интегрални и неразделив дел од универзалните човекови права и го вклучуваат концептот на репродуктивни права.

## Чорапи на поддршка

*Чорапи на поддршка* е активистичко движење во Шведска, составено претежно од жени, кое на еден неформален и инвентивен начин дејствува на средината на деведесеттите години од минатиот век. Незадоволни од тогашната состојба и положбата на жената во Шведска, жени од разни професии, гледишта и социјален и економски статус, градат неформални мрежи кои дејствуваат во манирот на андерграунд движење. Главната цел, промената на ставот на политичките партии во Шведска за прашањата од родовите релации, била издејствувана преку разни притисоци, стратегии и активности кои се потпираа на солидарноста и поддршката на анонимни симпатизери и неформални соработки на локални мрежи на Шведските чорапи на поддршка.

## „Queer“ теорија (Queer Theory)

Ова е термин кој ги опишува социјалните и културните формации на хомосексуалците. Создаден е од политичкото здружение на геј мажите и лезбијките активисти за АИДС од Америка и Британија, како и геј уметниците. Терминот има за цел да означи критичка дистанца од претходните и маргинализирани „геј и лезбијки“. Потпирајќи се на Фуко, Тереза де Лаурентис, водечки теретичар за *„queer“* теорија, ја опишува истата како „обратен дискурс“, односно идеја дека хомосексуалноста треба да ја тврди легитимноста со обратна употреба, на истите хомофобични категории. Современите лезбиски и геј дискурси, тврдат торетичарите на *„queer“* теоријата, не упатуваат адекватно на темите на расата. Во спротивно, *„queer“* теоријата може да биде важен двигател во кој расата, сексуалноста и активизмот можат да се поврзат.

# Ш.

## Шовинизам

Никола Шовин (Nicolas Chauvin) бил војник на Наполеон Бонапарта и бил познат по својот патриотизам. Неговото презиме се трансформирало во францускиот збор шовинизам (chauvinisme), што значи екстремен и некритички патриотизам. Во сегашна употреба, терминот има значење на екстремен патриотизам или национализам или некритично верување во супериорноста на некоја нација и култура во однос на друга. Искористувајќи ја семантичката поврзаност на зборот патриот и патријархат, американските феминистки семантички ја трансформираа синтагмата машки шовинизам како име за верувањето на некои мажи за супериорноста на машките и на сè она што е машки, но и за верувањето за вродената машка супериорност наспроти која било жена.

# АКЦИЈА ЗА ЖЕНИТЕ НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ

АКЦИЈА ЗА ЖЕНИТЕ НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ

## Унапредување на законските права

Загриженоста на Обединетите нации за унапредување на жените започна пред 50 години, со нивното основање во 1945 година. Во нивната Повелба, членовите на ОН ја изразија нивната верба во фундаменталните човекови права и во еднакви права за мажите и на жените. Оттогаш, акцијата на ОН за унапредување на жените презема четири јасни насоки: унапредување на законските мерки; мобилизирање на јавното мислење и меѓународна акција; истражување и подучување; и директна поддршка на оштетените групи.

Правно обврзувачките конвенции на ОН или договори помогнаа да се дефинираат и да се унапредат човековите права на жените. Сите држави членки се обврзани да ги почитуваат одредбите на таквите договори и да им овозможат на жените правна заштита. Овие законски инструменти вклучуваат:

1. Конвенцијата за забрана на трговијата со луѓе и експлоатација на проституцијата од други (1949) повикува на казнување на оние кои ги снабдуваат другите за проституција.
2. МОТ (Меѓународна организација на трудот) во Конвенцијата за еднаква плата (1951) ги воспостави принципите и практиките за еднаква плата за работа од еднаква вредност.
3. Конвенцијата за политички права на жените (1952) ги обврза државите членки да им дозволат на жените да гласаат и да држат јавни канцеларии под еднакви услови со мажите.
4. Конвенцијата за државјанство на мажени жени (1957) има за цел да ги заштити правата на мажените жени да го задржат нивното државјанство.
5. Конвенцијата за согласност за брак, минимум години за брак и регистрација за брак (1962) пропишува дека ниеден брак не може да се случи без согласност на обете странки.
6. Конвенцијата на UNESCO против дискриминација во образованието (1960) го расчисти патот за еднакви образовни можности за девојките и за жените.
7. Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација против жените на ОН од 1979, често се опишува како меѓународен предлог-закон за правата на жените, забранува секакво разликување, исклучување или ограничување направено врз основа на пол, кое ги намалува или поништува човековите права и фундаменталните слободи на

жените во сите области. Повеќе од 150 земји ја ратификуваа оваа Конвенција. Комисијата на ОН редовно го набљудува напредокот во имплементирањето на Конвенцијата и одржува расправи за извештаите поднесени од државите членки.

8. Декларацијата за елиминација на насилството против жените на ОН (1993) го наведува насилството против жените како „еден од клучните механизми со кој жените се принудени во подредена позиција во споредба со мажите“. ОН именуваа специјален известувач за насилство против жените за да собира податоци и предлага мерки за елиминација на таквото насилство и неговите причини.

## Светски конференции за жените

Во текот на изминатите 20 години, Обединетите нации одржаа четири светски конференции за жените:

1. Мексико Сити (1975), Првата Конференција за жените се одржа во Мексико Сити. Целта на конференцијата беше да се мобилизира меѓународната заедница во промовирање на родовата еднаквост и елиминација на родовата дискриминација. Конференцијата во Мексико Сити, која коинцидираше со одржувањето на Меѓународната година на жените, беше оценета како почеток на меѓународниот напор да се исправат неправдите од историјата. Конференцијата во Мексико Сити е позната и како Конференција на Меѓународната Година на Жените.

2. Копенхаген (1980), Конференцијата во Копенхаген го прифати акциониот план за втората половина од декадата.
3. Најроби (1985), Конференцијата за жените во Најроби прифати петнаесетгодишна програма за унапредување на жените. Околу 120 влади известија за напредок на состанокот на целниот збир на таа Конференција.
4. Пекинг (1995). Во Пекинг, на Четвртата конференција за жените во 1995, претставници на 189 влади прифатија нов петгодишен глобален акционен план, насочен кон еднаквоста, развојот и мирот. Повеќе од 100 влади формално се обврзаа да ги реализираат таквите специфични акции, како што се наменување на дополнителни средства за образование и здравство, измена на законите и зголемување на учеството на жените во одлучувањето.

**Поважни датуми и настани од донесувањето на Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација против жените**

**1945** › Повелбата на Обединетите нации ја реафирмираше „вербата во фундаменталните човекови права...во еднаквите права за мажите и жените“. (Преамбула)

**1947** › Комисијата за статусот на жените е воспоставена за да ги иницира и надгледува акциите на ОН во име на жените.

**1948** › Универзалната декларација за човековите права прогласува дека „секој стекнува право на сите права и слободи наведени во оваа Декларација без разлика од кој било вид, на пример, раса, боја, пол... “(Член 2).

**1954** › Генералното собрание препознава дека жените се „подложни на застарени закони, обичаи и практики“ што е неконзистентно со Декларацијата и ги повикува владите да ги „укинат“ истите (Res.843,IX).

**1963** › Генералното собрание, забележувајќи ја дискриминацијата која продолжува, повикува на нацрт-текст за Декларација за елиминација на дискриминацијата против жените (Res.1921, XVII).

**1966** › Комисијата за статусот на жените му поднесе нацрт-текст на Генералното собрание, кое го врати за ревизија „имајќи ги на ум амандманите кои беа поднесени“ (Res.2199,XXI).

**1967** › Генералното собрание ја усвои ревидираната Декларација за елиминација на дискриминацијата против жените „за да го осигура универзалното признавање на законот и de fakto на принципот на еднаквост на мажите и жените“ (Res.2263,XXII).

**1968** › Економскиот и Социјалниот совет иницираше систем за известување на

имплементацијата од страна на владите по одредбите на Декларацијата (ECOSOC Res.1325,XLIV).

**1970** › Генералното собрание повикува на „ратификација на/или пристап кон релевантните меѓународни инструменти врзани за статусот на жените“ (Res.2716,XXV).

**1972** › Генералниот секретар на ОН побара гледишта на владите за „природата и содржината на новиот инструмент“.

**1973** › ECOSOC назначи работна група од 15 члена за да започне со нацрт-текстот за конвенцијата за ефективни постапки за нејзината имплементација.

**1975** › Во Интернационалната година на жените, Светскиот план на акција повикува на „подготовка и прифаќање на конвенцијата за елиминација на дискриминацијата против жените со ефективни процедури за нејзина имплементација“.

**1977** › Генералното собрание назначи работна група „за да го продолжи разгледувањето на нацрт-текстот за конвенцијата (Res.32/136).

**1978** › Генералното собрание препорача работната група да ја заврши својата задача (Res.33/177).

**1979** › Генералното собрание го усвои завршениот нацрт-текст и повика на потпишување и ратифицирање (Res.34/180).

**1981** › Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација против жените влегува во сила со потребните 20 ратификации.

## Милеиниумски развојни цели (МРЦ) Millennium Development Goals (MDGs)

Во септември 2000 светските лидери ја донесоа Милениумската декларација, документ кои ги кристализира главните цели договорени на меѓународните конференции во текот на деведесеттите. Надоврзувајќи се на Декларацијата, Системот на ОН, Светската банка и ОЕЦД истакнаа осум милеиниумски развојни цели (МРЦ) со одредени цели и индикатори. Државите членки на ОН се обврзаа до 2015 да ги исполнат милениумските развојни цели (МРЦ).

## Милениумски развојни цели (МРЦ)

1. Да се искорени крајната сиромаштија и гладот
2. Да се обезбеди основно образование
3. Да се унапреди родовата еднаквост и зајакнувањето на жените
4. Да се редуцира смртноста на децата
5. Да се унапреди мајчинското здравје
6. Борба против ХИВ/СИДА, маларија и останати болести

7. Да се обезбеди одржлива еколошка средина
8. Да се развие глобалното развојно партнерство

Третата цел - да се унапреди родовата еднаквост и зајакнувањето на жените цели да се елиминира родовиот диспаритет во основното и во средношколското образование најрано до 2005, а на останатите степени на образование до 2015.

Индикатори – пропорција на момчињата и девојчињата во основното и средношколското образование; пропорција на писменост меѓу младината; број на пратенички во националните парламенти; учеството на девојките во занимања кои не се од земјоделскиот сектор.

# ПОВАЖНИ ДОКУМЕНТИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА ВО ВРСКА СО РОДОВАТА ЕДНАКВОСТ

ПОВАЖНИ ДОКУМЕНТИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА ВО ВРСКА СО РОДОВАТА ЕДНАКВОСТ

## ДИРЕКТИВИ:

### Директива за еднакви плати-1975 (75/117/ЕЕС - OJ L 45, 19.2.1975)

Одредува дека половата дискриминација во врска со сите аспекти на плата треба да биде елиминирана.

### Директива за еднаков третман-1976 (76/207/ЕЕС - OJ L 39, 14.2.1976)

Одредува дека не треба да постои полова дискриминација, било директна или индиректна, ниту во врска со брачниот или семејниот статус, во пристапот кон вработувањето, подучувањето, работните услови, унапредувањето или отпуштањето.

### Директива за социјална сигурност- 1979 (79/7/ЕЕС - OJ L 6, 10.1.1979)

Бара еднаков третман меѓу мажите и жените во законските програми за заштита против болест, инва-

лидност, старост, несреќи на работа и професионални заболувања и невработеност.

## Директива за професионална социјална сигурност- 1986 (86/378/EEC - OJ L 225, 12.8.1986)

Насочена е кон имплементација на еднаквиот третман меѓу жените и мажите во програмите за професионалната социјална сигурност. Изменети во 1996.

## Директива за самовработување-11986 (86/613/EEC- OJ L 359, 19.12.1986)

Ги применува принципите на еднаков третман меѓу жените и мажите за самовработени работници, вклучително и во земјоделсвото, и обезбедува заштита за самовработени жени во текот на бременоста и мајчинството.

## Директива за бремени работнички-1992 (92/85/EEC - OJ L 348, 28.11.1992)

Бара минимум мерки за да се подобри безбедноста и здравјето на работа за бремени жени и жени кои неодамна родиле или дојат, вклучително и законското право за породилно отсуство од најмалку 14 недели.

## Директива за родителско отсуство-1996 (96/34/EC - OJ L 145, 19.6.1996)

Им овозможува на сите родители на деца сè до дадена возраст, дефинирана од државите членки, да им биде одобрено најмалку 3 месеци родителско отсуство и за поединци да се одвои слободно време кога издржуваниот член на семејството е болен или повреден.

## Директива за товар на докажување-1997 (97/80/EC - OJ L 14, 20.1.1998)

Бара промени во судските системи на државите членки така што товарот на докажување е распределен поправедно во случаи каде работниците поднесуваат поплаки за полова дискриминација против нивните работодавачи.

## Директива за еднаков третман во вработувањето-2002 (2002/73/EC - OJ L 269, 5.10.2002)

Суштинско надополнување на Директивата за еднаков третман од 1976 е додавањето на дефинициите за индиректна дискриминација, вознемирување и барањето од државите членки да поставaт тела за унапредување, анализа, надгледување и поддршка на еднаквиот третман меѓу мажите и жените.

## Директива за стоки и услуги - 2004 (2004/113/EC - OJ L 373, 21.12.2004)

Ги применува принципите за еднаков третман меѓу жените и мажите за да располагаат со стоките и услугите достапни на јавноста. За прв пат ја проширува легислативата за родова еднаквост вон полето на вработување.

Директивата за спроведување на принципите на еднакви можности и еднаков третман на мажите и жените во областа на вработувањето и занимањето (2006/54/EC OJ *L 204, 26.7.2006*)

Директивата дава дефиниции за дискриминација (директна и индиректна), вклучувајќи го и сексуалното вознемирување, и пропишуваат еднаков третман не само на работното место туку и во пристапот до вработувањето, стручната подготовка и унапредувањето.

## ПРЕПОРАКИ:

1. Препорака 96/694/ЕЦ за балансирано учество на мажите и на жените во процесот на одлучување;
2. Препорака 84/635/ЕЕЦ за промоција на спроведувањето на мерки за позитивни акции за жените;
3. Препорака 92/131/ЕЕЦ за заштита на достоинството на мажите и жените на работа;
4. Препорака 87/567/ЕЕЦ за стручно усовршување на жените;

## РЕЗОЛУЦИИ:

1. Резолуција (95/Ц 296/06) од 05.10.1995 за појавувањето и прикажувањето на мажите и жените во рекламите и медиумите;
2. Резолуција (85/Ц 166/1) од 03.06.1985 која содржи акциона програма за спроведување на начелото на еднакви можности за жените и мажите во образованието.

## ДЕКЛАРАЦИИ:

1. Декларација од 19.12.1991. за имплементација на препораката на Комисијата за заштита на дигнитетот на жените и мажите на работа, вклучувајќи ги и правилата за постапување за спречување на половото вознемирување.

# ДОКУМЕНТИ НА СОВЕТОТ НА ЕВРОПА

## КОНВЕНЦИИ И ПРОТОКОЛИ:

- Европската конвенција за заштита на човековите права и фундаментални слободи (ЕЦХР-1950)
- Протокол бр. 12 кон Европската конвенција за заштита на човековите права и фундаментални слободи

Препораки на Комитетот на министри до земјите членки на Советот на Европа:

- Препорака бр. П (85)2 за законска заштита против сексуална дискриминација;
- Препорака бр. П (96)5 за усогласување на работата и семејниот живот;
- Препорака бр. П (98)12 за вметнување на рамноправноста помеѓу половите во главните општествени текови;

Препораки усвоени од Парламентарното собрание на Советот на Европа:

» Препорака 1229 (1994) за еднаквоста на правата помеѓу мажите и жените;

» Препорака 1269 (1995) за достигнување реален напредок за женските права од 1995;

» Препорака 1413 (1999) за еднаква застапеност во политичкиот живот.

# ОСНОВНА БИБЛИОГРАФИЈА

1. Andermahr, Sonya, Terry Lovell and Carol Wolkowitz. *A Glossary of Feminist Theory*. London: Arnold, 2000.
2. Alcoff, Linda, and Eva F. Kittay. The Blackwell Guide to Feminist Philosophy. Malden, MA: Blackwell Pub, 2007
3. Cardinale, Susan, comp. *Anthologies by and about Women*: An Analytical Index. Westport, Conn. Greenwood P, 1982.
4. Chanter, Tina. Gender: Key Concepts in Philosophy. London: Continuum, 2007
5. Daly, Mary, with Jane Caputi. *Webster's First Intergalactic Wickedary of the English Language*. Austin: Massachusetts, Beacon P, 1987.
6. Eagleton, Mary. A Concise Companion to Feminist Theory. Oxford: Blackwell, 2003
7. Essed, Philomena, David T. Goldberg, and Audrey L. Kobayashi. A Companion to Gender Studies. Malden, MA: Blackwell Pub, 2005

8. Gamble, Sarah. The Routledge Critical Dictionary of Feminism and Postfeminism. New York: Routledge, 1999
9. Gender Equality Legislation, http://ec.europa.eu/employment_social/equ_opp/rights_en.html#equpay
10. Grasswick, Heidi E. Feminist Epistemology and Philosophy of Science: Power in Knowledge. Dordrecht: Springer, 2011. Internet resource.
11. Jackson, Stevi, and Jackie Jones. Contemporary Feminist Theories. Edinburgh: Edinburgh University Press, 1998
12. Hawthorn, Jeremy. *A Glossary of Contemporary Literary Theory*. London: Edward Arnold, 1992.
13. Humm, Maggie. *The Dictionary of Feminist Theory*. Hemel Hempstead: Harvester Wheatsheaf, 1989.
14. Kowalski-Wallace, Elizabeth. *An Encyclopedia of Feminist Literary Theory*. New York: Garland, 1997.
15. Kramarae, Cheris and Paula Treichler. *A Feminist Dictionary*. London: Pandora, 1985.
16. Lentricchia, Frank and Thomas McLaughlin. *Critical Terms for Literary Study*. Chicago: University of Chicago P, 1990.
17. Lorraine,Code,Encyclopedia of Feminist Theories,London, New York Routledge, 2002.
18. McHugh, Nancy A. Feminist Philosophies A-Z. Edinburgh: Edinburgh University Press, 2007
19. Outhwaite, William and Tom Bottomore eds. *The Blackwell Dictionary of Twentieth Century Social Thought*. Oxford: Blackwell, 1993.

20. Pilcher, Jane, and Imelda Whelehan. Fifty *Key Concepts in Gender Studies*. London: SAGE Publications, 2004
21. Tuttle, Lisa. *Encyclopedia of Feminism*. NY: Facts on File, 1986.
22. Young, Iris M, and Alison M. Jaggar. A Companion to Feminist Philosophy. Oxford. Blackwell, 1998
23. Wright, Elizabeth ed. *Feminism and Psychoanalysis: A Critical Dictionary*. Oxford: Blackwell, 1992.
24. Европа во 12 лекции http://www.delmkd.cec.eu.int/mk/broshures_and_campaigns/europe_12_lessons.htm
25. ОН Документи, http://www.womenwatch.org/womenwatch/

# КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


- Ahme, Sara. *Differences That Matter: Feminist Theory and Postmodernism*. New York: Cambridge University Press, 1999.
- Akkerman, Tjitske and Siep Stuurman, eds. *Perspectives on Feminist Political Thought in European History: From the Middle Ages to the Present*. New York: Routledge, 1998.
- Alaimo. *Undomesticated Ground: Recasting Nature as Feminist Space*. Ithaca: Cornell University Press, 2000 [Feminist Theory]
- Allen, Carol and Judith Howard, eds. *Provoking Feminisms*. Chicago: University of Chicago Press, 1999.
- Allen, Amy. *The Power of Feminist Theory: Domination, Resistance, Solidarity.*
- Bordo, Susan, ed. *Feminist Interpretations of Rene Descartes*. University Park: Pennsylvania State University Press, 1999.

- Bryson, Valerie and Jo Campling. *Feminist Debates: Issues of Theory and Political Practice.* Albany: New York University Press, 1999.
- Buhle, Mary Jo. *Feminism and Its Discontents :A Century of Struggle with Psychoanalysis*. Cambridge: Harvard University Press, 2000 [Feminist Theory, Psychoanalysis/Freud/Lacan, Irigaray]
- Charles, Nickie. *Feminism, The State and Social Policy*. New York: St. Martin's Press, 2000 [Feminist Theory, Political and Social Philosophy]
- Code, Lorraine, ed. *Encyclopedia of Feminist Theories.* New York and London: Routledge, 1999.
- Cornell, Drucilla. *Beyond Accommodation: Ethical Feminism, Deconstruction and the Law.* Lanham: Rowman & Littlefield, 1999.
- Cornell, Drucilla. *At the Heart of Freedom: Feminism, Sex and Equality.* Princeton: Princeton University Press, 1998.
- Heilmann, Ann. *New Woman Fiction: Women Writing First-Wave Feminism*. New York: St. Martin's Press, 2000 [Feminist Theory, Literary Theory/Criticism]
- Hekman, Susan. *The Future of Differences: Truth and Method in Feminist Theory.* Cambridge: Polity Press, 1999.
- Hekman, Susan, ed. *Feminism, Identity and Difference.* London. Portland: Frank Cass, 1999.
- Heyes, Cressida J. Line Drawings: *Defining Women*

*through Feminist Practice*. Ithaca: Cornell University Press, 2000 [Feminist Theory, Political and Social Philosophy]

- Kowaleski-Wallace, Elizabeth, ed. *Encyclopedia of Feminist Literary Theory*. New York: Garland Publishing, 1998.
- Kruks, Sonja. *Retrieving Experience: Subjectivity and Recognition in Feminist Politics*. Ithaca: Cornell University Press, 2000 [Feminist Theory, Political and Social Philosophy]
- Lacey, Nicola. *Unspeakable Subjects: Feminist Essays in Legal and Social Theory*. Denver: Hart Pub., 1998.
- Lamb, Sharon. *New Versions of Victims: Feminist Struggle With the Concept*. New York: New York University Press, 1999.
- Landes, Joan, ed. *Feminism, The Public and the Private*. New York: Oxford University Press, 1998.
- Levit, Nancy. *The Gender Line: Men, Women and the Law*. New York: New York University Press, 2000 [Gender Studies, Feminist Theory]
- McGlynn, Clare, ed. *Legal Feminisms: Theory and Practice*. Hanover: Dartmouth Publishing Co, 1998.
- Miller-Bernal, Leslie. *Separate by Degree: Women Students' Experiences in Single-Sex and Coeducational Colleges*. New York: Peter Lang Publishing, 2000 [Feminist Theory]

- Moi, Toril. *What is a Woman?: And Other Essays*. Oxford: Oxford University Press, 2000 [Feminist Theory, Gender Studies]
- Morley, Louise. *Organising Feminisms: the Micropolitics of the Academy*. New York: St Martin's Press, 1998.
- Moruzzi, Norma Claire. *Speaking Through the Mask: Hannah Arendt and the Politics of Social Identity*. Ithaca: Cornell University Press, 2000 [Feminist Theory, Political and Social Philosophy]
- Phillips, Anne, ed. *Feminism and Politics.* New York: Oxford University Press, 1998.
- Polkey, Pauline and Alison Donnell, eds. *Representing Lives: Women and Auto/Biography*. New York: St. Martin's Press, 2000 [Feminist Theory, Literary Theory/Criticism]
- Radford-Hill, Sheila. *Further to Fly: Black Women and the Politics of Empowerment* Minneapolis: University of Minnesota Press, 2000 [Feminist Theory, Race Theory]
- Robbins, Ruth. *Literary Feminisms*. New York: St. Martin's Press, 2000. [Literary Theory/Criticism, Feminist Theory]
- Simons, Margaret A. *Beauvoir and the Second Sex: Feminism, Race, and the Origins of Existentialism*. Lanham: Rowman and Littlefield, 1999.
- Weedon, Chris. *Feminism, Theory and the Politics of Difference.* Oxford: Blackwell, 1999.

- Weeks, Kathi. *Constituting Feminist Subjects*. Ithaca: Cornell University Press, 1998.
- Weiler, Kathleen. *Feminist Engagements: Reading, Resisting, and Revisioning Education and Cultural Theory*. New York: Routledge Falmer, 2000 [Feminist Theory, Cultural Studies]
- Weiss, Penny. *Conversations with Feminism: Political Theory and Practice.* Lanham: Rowman & Littlefield, 1998.
- Wilson, Elizabeth. *Contradictions of Culture: Cities: Culture: Women*. London: Sage Publications, 2000 [Feminist Theory, Cultural Studies]
- Yeo, Eileen Janes, ed. *Radical Femininity: Women's Self-Representation in the Public Sphere*. New York: St Martin's Press, 1998.

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "
Св. Климент Охридски", Скопје

305-055.2(038)
305(038)

ИВАНОВСКА, Марија
Водич во феминистичката и родовата терминологија / [автори Марија
Ивановска, Боби Бадаревски]. - 2. дополнето и изменето изд. - Скопје
: Здружение за унапредување на родовата еднаквост Акција Здруженска, 2012. - 161 стр. ; 24 см

ISBN 978-9989-2910-1-2
1. Бадаревски, Боби [автор]
а) Феминизам - Лексикони б) Родови студии - Лексикони
COBISS.MK-ID 92971274

акција
ЗДРУЖЕНСКА

нистички феминизам Абортус Активизам Анархистички феминизам Андроцентризам Балансирано учество на мажите и жените Батлер Џудит
ларација Демократски дефицит Директиви за еднаков третман (ЕУ директиви) Дискриминација Дискриминација на жените Домашно насилств
меѓу мажите и жените (полова еднаквост) Еднаков третман за жените и за мажите Експлоатација Еманципација Есенцијализам Жените во ра
а Индивидуализација на права Исламот и феминизмот Јавно/Приватно | Квота Конвенција Контрола на раѓање Културален феминизам Лаур
врз жените Невидливи бариери Нерегуларно и/или несигурно вработување Паритетна демократија Патријархат Пекиншка декларација и П
Полова дискриминација - индиректна Породилно отсуство Постмодернизам Постфеминизам Прв бран (феминизам) Предрасуди Продуктивна
развој Регулирање на скратено работно време Репродуктивна работа Репродуктивни права Репродуктивни улоги Репродуктивно здравје Р
наквост како развојна цел Родова неутралност Родова обука Родова перспектива Родова поделба на трудот Родова проверка Родова процен
и и стратешки) Родови релации Родови релации и родов идентитет (промени) Родови релации (трансформирање) Родови улоги Родово на
ја на работи/сегрегација при вработување Сексизам Сексуална експлоатација Сексуална ориентација Сексуални права Сексуалност Сексуа

ISBN 978-9989-2910-1-2